**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ„БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ - ОХРИД**

**за период од 2022 до 2024 година**





јули, 2024 ОХРИД дел.бр. 01-594/1

од 28,11,2024

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„ Братство Единство“ - Охрид |
| Адреса | Ул. 7- ми Ноември бр: 85 Охрид |
| Телефон, е-пошта | 046267158, ou-bratstvoedinstvo-ohrid@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | 2022-2024 |
| Број на ученици во училиштето | 817 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Џемал Мехмед |
| Потпис | |
| Датум | 28.11.2024 |
| **Одобрување од УО** | Одлука дел.бр. 02-577/6 |
| Име и презиме | Никола Најдески |
| Потпис | |
| Датум | 29.11.2024 |

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| 1.1 **Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкети за наставен кадар<br><br>Извештај од стручни активи<br><br>Извештај од професионален развој<br><br>Планирања за настава | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | За успешно планирање на наставата со примена на современи методи и техники на учење, во учебните 2022/23 и 2023/24, Бирото за развој на образованието навремено организира и реализира онлајн обуки наменети за сите наставници кои започнаа со реализирање на наставата по новата концепција. Од анкетата за наставен кадар на оваа тема беа добиени следниве резултати: мал дел од наставниците (30%) целосно се согласуваат и поголем дел од наставниците (57%) се согласуваат дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники за планирање на наставата, а незначителен дел (13%) не се согласуваат со оваа констатација. На претходно наведените обуки наменети за планирање на наставата се пријавуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | сите соодветни наставници и стручната служба, па затоа нема потреба да се врши дисеминација.<br><br>Следењето на планирањата на наставниците според утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице, се врши на почеток на учебната година или повеќе пати во текот на годината при предавање на планирањата од страна на наставниците за одреден период од годината. Според анкетниот прашалник за наставници во врска со ова прашање беа добиени следниве резултати:<br><br>- Помал број од наставниците (35%) целосно се согласуваат и поголем дел на наставниците (52%) се согласуваат дека добиваат поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за нивниот наставен предмет/предмети, а незначителен број (13%) не се согласуваат со оваа констатација.<br><br>- Помал дел од наставниците (45%) целосно се согласуваат и поголем дел од наставниците (48%) се согласуваат дека директорот и стручната служба ги следи нивните планирања најмалку два пати во полугодието, а незначителен дел (7%) не знаат или немаат информација за следењето на нивните планирања од страна на директорот и стручната служба.<br><br>Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнувања *добро.* |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците според насоките дадени со новата концепција доставуваат планирања на ниво на актив, кое го изработуваат сами или користат планирања од други наставници и ги адаптираат на своите потреби. Останатите наставници кои работат по стара програма планирањата ги изработуваат индивидуално и најчесто користат искуства од различни медиуми или соработуваат со наставници од други училишта, но нередовно соработуваат во рамките на стручните |

| | | |
|---|---|---|
| | | активи во училиштето. Планирањата кај мал дел од наставниците се подобрени како резултат на претходно наведените начини на соработка.<br><br>Врз основа на анкетата спроведена со наставници мал број од нив (44%) целосно се согласуваат дека во рамките на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието. Помал број од наставниците (42%) се согласуваат, а незначителен број (14%) не се согласуваат дека во рамките на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието.<br><br>Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнувања *добро.* |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Анкети со наставници, ученици и родтели/ старатели.<br><br>Дискусија во фокус група - ученици<br><br>Интервју со директорот | Реализација на наставни планови и програми | Наставниот процес во ООУ „Братство Единство“ – Охрид за учениците од I до VI одеделение се реализира по новата Концепција на основното образование (МОН/БРО 2020), а за учениците од VII до IX се користат старите наставни програми во кои наставните предмети *математика, биологија, физика и хемија* се изучуваат по програмата Cambridge. Според наставниот план и Годишната програма на училиштето наставниците изведуваат настава по задолжителни предмети, изборни/слободни изборни активности и предмети, дополнителна и додатна настава, работат со надарени и талентирани ученици и ученици кои имаат посебни образовни потреби. Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем.<br><br>Во текот на годината за секое отсуство на наставник, училиштето навремено обезбедува заменски наставник со соодветно образование, при што наставата се одвива непречено. |

| | | |
|---|---|---|
| Интервјуа со стручни служби<br><br>Решенија за инклузивен тим на училиштето<br><br>Изработени ИОП и модифицирани програми за ученици со ПОП<br><br>Записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик.<br><br>Извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ)<br><br>Извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција | | Според претходно собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *многу добро*. |
| | Избор на наставни предмети | Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.<br>Слободните изборни предмети од I – VI одделение се избираат согласно препораките за избор дадени во Водичот за слободни изборни предмети. Во првиот образовен период (I-III одд) слободните изборни предмети се изучуваат во форма на слободни изборни предмети и ги реализира одделенскиот наставник. Во вториот образовен период (IV-VI одд). првично се испитуваат интересите на учениците, во однос на предметите кои сакаат продлабочено да ги изучуваат или вештините кои сакаат да ги стекнат. Потоа се креира листа со слободни изборни предмети, по три од секоја од предложените четири категории. Изборот се врши врз основа на добиените резултати од анкетните прашалници кои до родителите се испраќаат по електронски пат. За учениците од VII – IX одделение, на листата на изборни предмети се предлагаат три предмети, при што се внимава на кадровските можности на училиштето и ангажираност на секој вработен наставник.<br>Од анкетните прашалници за родители и ученици, на прашањата поврзани со слободните изборни предмети беа добиени следниве резултати:<br>– Поголем дел од родителите (73%) целосно се согласуваат дека се запознаени со листата на изборни/ слободни предмети, незначителен број (22%) одговориле дека се согласуваат и незначителен број (5%) со не се согласувам.<br>– Поголем дел (72%) од родителите целосно се согласуваат дека изборните предмети учениците ги избрале според своите |

| | | |
|---|---|---|
| вклучително и заеднички наставни часови<br><br>Акциски план за работа на ОУ со РС<br><br>Материјали од постапката за определување изборни/ слободни изборни предмети и активности.<br><br>Планирање за изборни предмети | | потреби; Мал број (25%) одговориле со се согласувам и незначителен број (3%) не се согласувам.<br>– Мал дел (40%) од учениците целосно се согласуваат дека изборните предмети ги избрале според своите потреби; мал број (40%) одговориле со се согласувам и незначителен број (20 %) не се согласувам.<br>Од анкетните прашања за родители може да се забележи дека поголем дел од родителите се запознаени со листата на изборни/слободни изборни предмети и дека изборот го направиле според интересите на нивните деца. За потврдување на резултатите од прашалникот за ученици, дополнително беше дискутирано со фокус група ученици. Беа прашани на кој начин го вршат изборот на изборен/слободен изборен предмет, на што одговориле дека избираат предмет по кој полесно би добиле повисока оцена, предмет кој нема многу содржини и вештини кои дополнително треба да се совладаат или изборот го прават онака како што се договориле во одделението. Од разговорот со фокус групата е утврдено дека при изборот на предмет родителите го почитуваат интересот на своето дете.<br>Од интервјуто со стручната служба во училиштето, на прашањето колку учениците имаат можност да следат изборен предмет според својот интерес, истакнато е дека бројот на ученици во паралелките е помал од 15 ученици и најголем дел од учениците најчесто во едно одделение избираат ист слободен изборен предмет по претходен нивен договор. Во таков случај учениците од едно одделение немаат можност да се мешаат  со ученици од друго одделение. Од друга страна иако училиштето е мултиетничко не е можно мешање на учениците од различен наставен јазик во заеднички групи според изборниот предмет, бидејќи учениците учат во различни смени и временски не е возможно да се организираат заедно. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според претходно собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *добро*. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Поголем дел од наставниците задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Со ваквите ставови се согласуваат и поголем дел од родителите. Од индивидуалните образовни планови за учениците со ПОП може да се забележи дека се користат техники и методи специфични за нивните потреби, согласно поставените диференцирани цели.<br><br>- Поголем дел (63%) од наставниците целосно се согласуваат дека задачите и активностите целосно ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците; мал број (36%) одговориле со се согласувам и останатите, незначителен број (1 %), одговориле дека не се согласуваат.<br><br>-Поголем дел (57%) од родителите целосно се согласуваат дека наставниците, задачите и активностите целосно ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците; мал број (33%) одговориле дека се согласуваат и останатите, незначителен број (10%), одговориле дека не се согласуваат.<br><br>Користењето на различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, потврдено е од страна на наставниците, а во помал број тоа го потврдуваат и учениците и родителите. Резултатите од анкетните прашања за трите целни групи дадени се во продолжение:<br><br>-Поголем број од наставниците (63%) одговориле дека користат различни ресурси за учење и настава, мал број (36%) се согласуваат со ова тврдење а незначителен број (1%) не се согласуваат.<br><br>-Мал дел (47%) од родителите изјавиле дека нивното дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. |

| | | |
|---|---|---|
| | | енциклопедии, списанија, интернет, модели), незначителен дел (29%) изјавиле дека се согласуваат и незначителен број (13%) дека не се согласуваат и (10%) изјавиле со не знам.<br><br>-Мал број по (38%) од учениците одговориле дека целосно се согласуваат и мал број (39%) се согласуваат дека на часовите користат различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) а незначителен дел (13%) дека не се согласуваат и (10%) дека не знаат.<br><br>-Мал дел од наставниците (48%) целосно се согласуваат дека во наставата користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, но поголем дел (51%) одговориле дека се согласуваат и незначителен дел се изјаснале дека не се согласуваат.<br><br>Од последното анкетно прашање може да се забележи дека поголем број од наставниците се согласуваат дека расположливите ресурси за час ги употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди за учење, како што се истражување, учење преку проекти или решавање проблеми. Но, од интервју со стручна служба забележано е дека мал дел од наставниците ги користат расположиливите ресурси во функционални цели (на пр. искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.)<br><br>Според претходно собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *добро*. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Поголем дел од наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Тоа го потврдува и следново анкетно прашање за наставници: |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Најголем дел од наставниците (90%) одговориле дека се однесуваат со почитување кон учениците, а само (10%) незначителен број одговориле со се согласувам.<br><br>Поголемиот број на наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и поттикнуваат поставување на прашања за нејасни теми. Слично е и мислењето на поголем број од родителите, но мал број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. Резултатите се прикажани во продолжение:<br><br>- Најголем број од наставниците (83%) изјавиле дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе, незначителен број (16%) одговориле со се согласувам и незначителен број (1%) со целосно не се согласувам.<br><br>- Поголем број од родителите (70%) изјавиле дека нивното дете слободно може да се изрази за време на часовите, незначителен дел (25%)одговориле со се согласувам и незначителен број (5%) одговориле со не се согласувам.<br><br>- Мал број од учениците ( 38%) се изјасниле дека слободно можат да кажат што мислат на часовите, мал број (37%) одговориле дека се согласуваат, незначителен број (23%) одговориле со не се согласувам и воопшто не се согласувам и незначителен број (2%) одговориле со не знам.<br><br>Од планирањата за час по различни наставни предмети и инструментите за следење на наставен час може да се забележи дека во најголем број изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците, која води кон постигнување на целите на часот. Истото е потврдено и со следново анкетно прашање:<br><br>- Поголем дел од наставниците (58%) се изјаснале дека на нивните часови учениците работат на начини кои подразбираат интеракција |

| | | |
|---|---|---|
| | | помеѓу нив, мал број (40%) се согласуваат и незначителен број (2%) не се согласуваат.<br><br>Според претходно собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *добро*. |
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето е формирано со Решение/Одлука на директорот на училиштето со деловоден број 03-354/1 од 11.07.2023. Тимот е во проширен состав со 11 членови затоа што наставата во училиштето се изведува во два објекти и три наставни јазици македонски, албански и турски. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот од три години или при промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и/или модифицирана програма по сите наставни предмети, согласно законската регулатива.<br><br>За сите ученици со посебни образовни потреби се формирани инклузивни тимови за ученици во кои се вклучени самите ученици, нивните родители, предметните наставници и стручната служба на училиштето кои учествуваат во реализирање на настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. За девет ученици направена е МКФ проценка и од нив двајца ученици работат според модифицирана наставна програма, а пет ученици според индивидуална образовна програма. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар „Кочо Рацин“, Битола за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП.<br><br>Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП.  Училиштето располага со десет комплети: тастатура со големи копчиња, џојстик, тракбол, издвоен клик и еден екран на допир. Исто така училиштето располага со две |

| | | |
|---|---|---|
| | | ресурсни училници за ученици со ПОП кои се опремени со материјали за работа. Во учебната 2023/24 год. добиен е грант од МОН и преку мултикултурни работилници со ученици изработени се нагледни средства за ученици со ПОП. Тоа потврдува дека училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во вонnаставни активности согласно со нивните интереси.<br><br>Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот.<br><br>Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Четири ученици во нашето училиште имаат поддршка од образовни асистенти. На анкетното прашање за соработка на наставниците со образовните асистенти добиен е следниов резултат:<br><br>-Мал број од наставниците (38%) изјавиле дека успешно соработуваат со образовните асистенти, мал број (36%) се изјасниле дека се согласуваат , незначителен број (11%) со не знам, незначителен број (10%) не се согласиле и незначителен број ( 5%) со целосно не се согласувам.<br><br>Иако резултатите од претходното анкетно прашање покажуваат дека мал број од наставниците соработуваат со образовен асистент, тоа е затоа што дел од наставниците и не предаваат на ученици кои имааат образовни асистенти. Сепак, според извештаите од инклузивниот тим се потврдува дека наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни  образовни потреби. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според претходно собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *добро*. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Мултиетничката интеграција претставува приоритет во нашето училиште, како училиште во кое се изведува настава на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) и во кое има ученици од повеќе етнички групи. Училиштето во Годишната програма има изготвено Програма за Меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока реализирани се проектни активности за меѓуетничка интеграција со учениците во балансиран етнички состав, финансирани од МОН („Реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот“), но и од организации и земји кои нудат грантови за интегрирано образование, како што е проектот „ Градиме нови мостови “.<br>Координаторите одговорни за реализација на меѓуетничките активности во училиштето во соработка со стручната служба и одговорните наставници реализатори, континуирано организираат МИО активности поделени во следите подрачја: иконографија, секции, приредби, излети и екскурзии, демократска партиципација, мултиетнички работилници, интегрирани часови, соработка со родители, мултиетнички хор, училишен весник, учество во воннаставни активности на локално ниво, хуманитарни акции, мултиетнички проекти.<br><br>Во однос на вклученоста на учениците во групи од мешан етнички состав, родителите се изјаснале на следниов начин:<br><br>- Поголем дел од родителите (50%) целосно се согласуваат дека нивното дете учествувало во активности со ученици кои учат на другите наставни јазици, мал број (24%) се согласуваат и незначителен број (10%) дека не се согласуваат, незначителен број (8%) одговориле со не знам и незначителен број ( 7%) целосно не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во однос на реализирањето на МИО активности според анкетниот прашалник за наставници добиени се следниве резултати:<br><br>- Мал број од наставниците (43%) целосно се согласуваат и поголем дел (52%) се согласуваат дека реализираат МИО активности со учениците според предходно изготвен план, а незначителен дел (5%) одговориле дека не се согласуваат.<br><br>На почеток на учебната година, во рамките на МИО активностите, наставниците доставуваат план за реализирање заеднички редовни часови со наставник од друг наставен час, со динамика од еден час во полугодие. Иако голем дел од наставниците на анкетниот прашалник одговориле дека реализираат МИО активности, сепак од доставената документација во стручната служба во однос на реализирање заеднички мултиетнички часови се забележува дека мал број наставници во целост ги реализираат овие активности.<br><br>Според претходно собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *добро*. |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со учениците, родителите и наставниците<br><br>Разговори во фокус групи со ученици<br><br>Разговор со стручна служба | Средина и атмосфера за учење | Во однос на прашањето колку родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина за учење, покажуваат резултатите на анкетниот прашалник:<br>- Поголем дел од родителите (61% ) училиштето го чувствуваат како безбедна средина за нивното дете, мал дел (30%) се согласуваат, а останатите незначителен број ( 9 %) не се согласуваат со оваа констатација<br>- Поголем број од родителите (55%) училиштето го чувствуваат како мотивирачка средина за нивното дете, мал број (40%) се согласуваат и останатите (5%)  не се согласуваат со оваа констатација. |

| | | |
|---|---|---|
| Увид во ученичките досиеја<br><br>Увид во евиденцијата на стручните соработници. | | Во однос на начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето и колку е истиот интересен, од анкетните прашалници добиени се следниве резултати:<br><br>- Поголем дел од родителите (55%) целосно се согласуваат дека на нивното дете повеќето часови му се интересни, мал дел од родителите (38%) се согласуваат, а незначителен број (7%) воопшто не се согласуваат со оваа констатација.<br><br>- На истото прашање, мал број од учениците (46%) целосно се согласуваат дека наставата е интересна, мал број (40%) се согласуваат, а незначителен дел  (15%) воопшто не се согласуваат.<br><br>Учениците, наставниците и родителите во анкетниот прашалник се изјаснале дека наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. Резултатите се следни:<br><br>- Поголем број од учениците (51%) целосно се согласуваат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд, мал број (36%) се согласуваат, а незначителен број (13%) не се согласуваат со оваа констатација.<br><br>- Поголем дел од родителите (70%) целосно се согласуваат дека нивното дете слободно може да се изрази за време на часовите, незначителен дел (25%) се согласуваат, а останатите (5%) воопшто не се согласуваат со оваа констатација.<br><br>- Најголем дел од наставниците  (83%) се согласууваат дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе, незначителен број (16%) слично размислуваат додека (1%) воопшто не се согласуваат.<br><br>Во однос на прашањето колку наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите |

| | | |
|---|---|---|
| | | страни на учениците пред други ученици, на анкетниот прашалник добиени се следниве резултати:<br><br>- Најголем дел од наставниците (84%) целосно се согласуваат дека редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати, незначителен број (14%) се согласуваат, останатите (2%) воопшто не се согласуваат.<br><br>- Мал број ученици (47%) целосно се согласуваат и мал број (40%) се согласуваат дека наставниците ги пофалуваат за нивните резултати, а 9% не се согласуваат, а останатите воопшто не се согласуваат.<br><br>Во однос на атмосферата за учење на час, дискутирано е со фокус група ученици од каде се извлечени следниве заклучоци:<br><br>– За време на час дисциплината на учениците е на задоволително ниво и најчесто не се губи време за да се воспостави ред на час.<br>– Најголем дел од часот е посветен за предавање/учење, но учениците сметаат дека недоволно се поттикнати на критичко размислување, поставување прашања и самостојно извлекување заклучоци.<br>– Во однос на материјалите за учење истакнуваат дека најголем дел од знаењата ги стекнуваат од учебник и по мал број предмети имаат пристап до други материјали за учење.<br><br>Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнувања *добро.* |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетниот прашалник за родители истакнато е дека поголем број (57%) целосно се согласуваат дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на нивното дете, мал број (33%) дека се согласуваат, а незначителен број (10%) дека не се согласуваат со оваа констатација. На истото прашање, наставниците во анкетниот прашалник се изјаснале дека поголем број (66%) задачите и активностите ги прилагодуваат на индивидуалните потреби на учениците, мал број (33%) дека се согласуваат, а незначителен број (1%) дека не се согласуваат со оваа констатација.<br><br>Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнувања *добро.* |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училиштето<br><br>Увид во педагошката евиденција и документација<br><br>Користените инструменти за оценување<br><br>Примери на оценети ученички трудови | Училишна политика за оценување | Училиштето применува договорена политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи нема изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Наставниците ги користат критериумите за оценување изготвени од БРО според нивоата на знаење дефинирани во Блумовата таксономија.<br><br>Од анкетните прашалници за наставници, ученици и родители во однос на критериумите за оценување добиени се следниве резултати:<br><br>– Поголем дел од наставниците (70%) целосно се согласуваат дека ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките, додека помал дел од наставниците (28%) се согласуваат, а незначителен број (2%)од наставниците не се согласуваат.<br>– Поголем дел од учениците (54%) целосно се согласуваат дека наставниците однапред им објаснуваат што треба да знаат за |

| | | |
|---|---|---|
| Анкети со учениците и наставниците, родителите<br><br>Инструменти за индивидуализирани начини на проверка<br><br>Распоред за додатна и дополнителна настава | | секоја оценка, помал дел од учениците (33%) се согласуваат, а останатите ученици (13%) не се согласуваат.<br>– Поголем дел од родителите/старателите (55%) целосно се согласуваат дека наставниците ги запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет, помал дел (33%) се согласуваат, а 8% од нив не се согласуваат дека наставниците ги запознаваат со критериумите. Незначителен број целосно не се согласуваат со горенаведеното.<br>– Поголем број од учениците (56%) се согласуваат дека оценувањето на сите ученици е праведно. Помал број од нив (26%) се согласуваат, 9% не се согласуваат и незначителен број целосно не се согласуваат дека оценувањето е праведно.<br>Според евиденцијата за следење на напредокот на учениците поголем дел од наставниците применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.<br><br>На анкетните прашања поврзани со објективноста и транспарентноста на оценувањето, учениците и родителите ги дадоа следниве одговори:<br><br>– Поголем број од учениците (54%) целосно се согласуваат дека наставниците им објаснуваат зошто добиле одредена оценка. Помал број од нив (36%) се согласуваат, а останатиот дел од учениците (10%) не се согласуваат дека наставниците им објаснуваат зошто добиле одредена оценка.<br>– Поголем број од родителите (72%) целосно се согласуваат дека ги користат можностите да разговараат со наставниците за постигањата на нивното дете. Помал број од родителите(26%) се согласуваат, а незначителен број (2%) од нив не се согласува |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнувања *добро.* |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Од увидот во дневните планирања/сценаријата за час, инструментите за следење при посета на час и евиденцијата за следење на учениците може да се забележи дека наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба. Ваквите констатации се потврдуваат и со резултатите добиени од анкетните прашалници со наставници, ученици и родители.<br><br>- Поголем број од наставниците (65%) целосно се согласуваат дека применуваат различни начини на оценување на учениците. Помал број од нив (32%) се согласуваат, а незначителен број (3%) целосно не се согласуваат дека применуваат различни начини на оценување на учениците.<br><br>-Поголем број од наставниците (50%) целосно се согласуваат дека редовно ги вклучуваат учениците во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). Помал број од нив (44%) се согласуваат, а незначителен број од наставниците (6%) целосно не се согласуваат дека редовно ги вклучуваат учениците во оценувањето.<br><br>-Поголем број од наставниците (76%) целосно се согласуваат дека на учениците им даваат насоки како поуспешно да учат. Помал број од нив се согласуваат (23%), а незначителен дел (1%) целосно не се согласуваат.<br><br>-Поголем дел од учениците (59%) сметаат дека наставниците користат различни начини за проверка на нивните знаења (усна проверка, |

| | | |
|---|---|---|
| | | тестови, наставни листови и сл.). Помал дел од учениците (35%) се согласуваат, а незначителен дел (6%) не знаат или немаат информација за различните начини за проверка на знаењата.<br><br>- Поголем дел од родителите (74%) целосно се согласуваат дека се редовно известени за постигнувањата на нивните деца на училиште (не само на полугодие и крај на година). Помал број од нив (19%) се согласуваат, а незначителен број од родителите (7%) не се согласуваат дека се редовно известени за постигнувањата на нивните деца.<br><br>Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *многу добро.* |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Коефициентот на континуитет на успехот во третиот период на образование од трите претходни последователни години пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодие и крајот на годината изнесува 0.86, што е помалку од 0.9.<br><br>Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *добро.* |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Во однос на давање повратна информација за постигнувањата и напредокот на учениците, на анкетниот прашалник за наставници, ученици и родители добиени се следниве резултати:<br><br>-Поголем број од наставниците (73%) целосно се согласуваат дека на учениците им кажуваат што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања. Помал број (26%) се согласуваат, а незначителен број (1%) не се согласуваат дека на учениците им кажуваат што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања.<br><br>- Мал број од учениците (40%) целосно се согласуваат дека наставниците редовно ги известуваат за нивните постигувања и начините за нивно подобрување. Мал број од учениците (44%) се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат, а останатитот дел (6%) не се согласуваат дека наставниците редовно ги известуваат за нивните постигувања и начините за нивно подобрување.<br><br>- Поголем број од родителите (57%) целосно се согласуваат дека наставниците им даваат насоки на нивното дете како подобро да учи. Помал број од родителите (30%) се согласуваат, 9% не се согласуваат, а останатиот дел целосно не се согласуваат дека наставниците им даваат насоки на нивното дете како подобро да учи.<br><br>Поврзано со претходно поставените прашања, направена е дискусија со фокус група ученици на која беа прашани колку наставниците ги образложуваат нивните оценки и дали добиваат насоки за подобрување. Учениците истакнуваат дека мал број наставници ги образложуваат нивните оценки, но нередовно се организира и реализира дополнителна и додатна настава, од каде би ги надминале евентуалните проблеми во учењето или би ги надоградиле веќе стекнатите знаења. Во однос на насоките за подобрување истакнуваат дека не добиваат од наставниците конкретни насоки за подобрување (посочување на дел од материјалот кој е од суштинско значење за надоградување на знаења, поврзување на теоретските знаења со практичната работа, конкретни вежби за стекнување вештини и сл.).<br><br>При увид во педагошката документација на наставниците утврдено е дека мал дел од наставниците имаат списоци за присуство на учениците на дополнителна и додатна настава, што го потврдува фактот на мал број реализирани часови од ваков тип.<br><br>Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *делумно задоволува.* |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Прилог на воннаставни активности и едукативни работилници.<br><br>Годишна програма на училиштето.<br><br>Анкети за ученици, родители и наставен кадар.<br><br>Прилог на натпрвари (општински,регионален,државен) од годишна програма од учелиштето. | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности | Со годишната програма на училиштето се планираат и реализираат разновидни вонnаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Во училиштето формирани се голем број секции поврзани со различни наставни предмети, се одбележуваат важни датуми, празници, настани, посета на објекти (аеродором, Национален парк „Галичица“, Природонаучен музеј – Струга, Градска библиотека – Охрид), учество во проектни активности и голем број едукативни работилници и излети. Од анкетниот прашалник за ученици и родители, се покажува дека мал број од анкетираните се согласуваат дека училиштето нуди различни вонnаставни активности:<br><br>– Незначителен дел од учениците (29%) целосно се согласуваат и мал број од учениците (41%) се согласуваат дека во училиштето имат избор на различни вонnаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции), незначителен дел (16%) не се согласуваат, 7% немаат информации и останатите (7%) целосно не се согласуваат со овој став.<br>– Мал дел од родителите (39%) целосно се согласуваат и мал дел од родителите (37%) се согласуваат дека училиштето нуди избор на различни вонnаставни активности, (13%) не се согласуваат, а 11% воопшто не се согласуваат со овој став.<br><br>Од дискусијата со фокус група ученици на која се прашани какви вонnаставни активности организира училиштето и кој ги избира учениците за учество во истите, одговорено е дека сите ученици не се запознати со вонnаставните активности кои се реализираат во училиштето или разбираат од ученици за дадена вонnаставна активност во која ги вклучил наствникот според афинитетите кои ги има ученикот за дадена област. Од друга страна во однос на мотивираноста за учество на учениците во проектни активности резултатот од анкетното прашање за ученици го потврдува спротивното: |

| | | |
|---|---|---|
| | | – Мал дел од учениците (45%) целосно се согласуваат и мал дел (45%) се согласуваат дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат во различни проекти, а незначителен дел (10%) не се согласуваат со овој став.<br>Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *добро.* |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Според педагошката евиденција и документација која се води за учениците во предметна настава може да се утврди дека поголен дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето не се изработува статистички преглед во однос на опфатеноста на учениците по пол, а во однос на јазикот во мешаните групи се вклучуваат ученици во балансиран состав од трите наставни јазици (македонски, албански и турски).<br><br>Со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности (едукативна работилница за давање прва помош од страна на Црвен Крст – Охрид, едукативна работилница за евакуација во случај на земјотрес организиран од Пожарна и Црвен Крст од Охрид, предавање за превенција од петарди и други пиротехнички материјали, предавање за сајбер насилство, организирани од СВР – Охрид, едукативни работилници за заштита на природата и животната средина организирани од Националниот парк – Галичица, „Генералка викенд“ – акција за чистење на училиштето).<br><br>Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *добро.* |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата | Во однос на реализирањето воннаставни активности кои се предложени од учениците и нивната вклученост во подготвување на |

| | | |
|---|---|---|
| | во вонннаставните активности | програмите за воннаставни активности, на анкетното прашање за ученици добиени се следниве резултатии:<br>– Мал дел од учениците (35%) целосно се согласуваат и мал дел (40%) се согласуваат дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на вонннаставните активности, незначителен дел (13%) не се согласуваат, (8%) немаат информации, останатите (4%) воопшто не се согласуваат.<br><br>Мал дел од учениците и родителите сметаат дека вклученоста во воннаставните активности е според изборот на учениците, низ транспарентна процедура, додека пак поголем дел од наставниците се согласуваат дека учениците можат да избираат во која воннаставна активност ќе се вклучат. Резултатите од прашалникот се следни:<br><br>– Мал број од родители (42%) целосно се согласуваат и мал број (33%) се согласуваат дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности според сопствениот интерес, (12%) не се согласвуваат, а останатите (13%) воопшто не се согласуваат со овој став.<br>– Мал број ученици (32%) целосно се согласуваат и мал дел (40%) се согласуваат дека се вклучуваат во воннаставните активности по нивен избор, 17% не се согласуваат, останатите (11%) целосно не се согласуваат.<br>– Поголем дел од наставниците (52%) целосно се согласуваат и мал број (41%) се согласуваат дека во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор, а незначителен број (7%) не се согласуваат со овој став. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *делумно задоволува.* |
| | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на:<br>– натпревари од различни наставни предмети (математика, англиски јазик, биологија и природни науки, географија, соло пеење, хорско пеење, спортски натпревари во шах, атлетика и др.) што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници и од неакредитирани здраженија);<br>– натпревари на меѓународно ниво (натпревар за пишување поезија, есеј и ликовни творби);<br>– други активности со натпреварувачки карактер („Европски квиз на парите“ – натпревар за финансиска писменост на учениците, предизвик за информатичко размислување и решавање логички задачи „Дабар“, создавање креации од отпад „Trash for art“ - Пакомак).<br>Во однос на мотивираноста на учениците за учество на натпревари, од анкетниот прашалник за ученици добиени се следниве резултати:<br>– Поголем дел од учениците (52%) целосно се согласуваат и мал дел (33%) се согласуваат дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат на различни натпревари, а останатите (15%) не се согласуваат со оваа констатација.<br>Според собраните податоци овој индикатор е со ниво на постигнување *добро.* |

**Опис/резиме на подрачјето**

Подрачјето „Планирање, настава и учење“ ги содржи следните индикатори за квалитет:

1.1 Планирање на наставниците;
1.2 Наставен процес;
1.3 Искуства на учениците од учењето;
1.4 Оценувањето како дел од наставата;
1.5 Воннаставни активности и натпревари.

За да се утврди нивото на постигнување за секој индикатор направена е анализа на собраните податоци од различни извори: анкетни прашалници со ученици, наставници и родители, интервјуа со стручна служба и директор, дискусија со фокус групи ученици и увид во евиденцијата и документацијата која ја поседува училиштето. Во однос на секој од претходно наведените индикатори добиени се следниве сознанија:

- Поголем дел од наставниците имаат поддршка од директорот и стручната служба при планирање на наставата преку следење и давање конкретни насоки за надминување на евентуални недостатоци. Наставниците кои работат по новата концепција ја планираат наставата на ниво на актив и за истите имаат добиено соодвени обуки организирани од БРО. Останатите наставници кои работат по стара програма изработуваат индивидуални планирања при што разменуваат искуства со други наставници, училишта и различни медиуми, но недоволно соработуваат во рамките на стручните активи во училиштето.
- Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Листата со изборните/ слободните изборни предмети училиштето ја прави според пропишаната процедура со Водичот за слободни изборни предмети, но истовремено се види сметка и на кадровските можности во училиштето. Учениците ги избираат предметите по сопствен избор, по пат на анкетирање. Училиштето нема можност да формира групи со мешан етнички состав за слободните изборни предмети, затоа што наставата се реализира во различни смени. Поголем дел од наставниците користат различни ресурси за учење, но мал број ги користат за функционални знаења. Поголем број од наставниците и родителите сметаат дека постои интеракција меѓу наставниците и учениците, додека пак мал број од учениците се согласуваат со оваа констатација. Од инклузивниот тим на училиштето, наставниците добиваат соодветна поддршка при планирање на ИОП и/или модифицирана програма за учениците со посебни образовни потреби, но мал дел од наставниците не изработуваат

планирања за ученици со ПОП или сметаат дека овие ученици можат да постигнат поголем дел од поставените цели за тој предмет. Училиштето навремено ги идентификува и ги упатува на МКФ проценка учениците со попреченост и за истите обезбедува образовни асистенти доколку е тоа потребно. Во училиштето се реализираат мултиетнички активности (најголем број воннаставни и вонучилишни активности, како и учество на проекти) во кој се вклучуваат дел од наставниците и дел од учениците во балансиран состав (македонски, турски, албански јазик). Мал дел од наставниците реализираат редовни интегрирани мултиетнички часови.

- Поголем дел од родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина за учење, во која најголем дел од часовите се интересни за нивното дете. Учениците можат слободно да се изразат за време на час, но сметаат дека не се доволно мотивирани критички да размислуваат, да поставуваат прашања за тоа што не им е јасно и да донесуваат заклучоци. Најголем дел од наставниците ги пофалуваат учениците за постигнатиот труд и постигнатите резултати. Поголем дел од наставниците ги идентификуваат посебните образовни потреби на учениците и преку различни образовни техники ги прилагодуваат активностите на индивидуалните потреби на учениците.
- Во училиштето се применува формативно и сумативно оценување, се користат различни методи, техники и инструменти за оценување, но нема дефинирани критериуми за оценување од страна на стручните активи, според националните стандарди наведени во новата концепција на основното образование. Оценувањето е транспарентно и наставниците редовно ги информираат учениците и родителите за постигнувањата по даден предмет. Иако наставниците сметаат дека ги образложуваат оценките и даваат конкретни насоки за нивно подобрување, учениците истакнуваат дека тоа го прават мал дел од нив. Во училиштето нередовно се реализира додатна и дополнителна настава за постигнување подобри резултати. Коефициентот за континуитет во успехот е под 0.9 што укажува на несоодветен однос на успехот на полугодие и успехот на крајот од годината.
- Во училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Но учениците и родителите истакнуваат дека во училиштето нема доволен избор на воннаставни активности, дека мал дел од нив учествуваат во планирањето на воннаставните активности и не секогаш се запознаени со активностите. Учеството на учениците во воннаставни активности е според желбата на учениците или  препораки дадени од  наставниците. Учениците од третиот образовен период, учествуваат во општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности, како што се едукативни работилници и предавања организирани од различни институции. Во училиштето поголем дел од учениците се

изјасналe дека наставниците ги мотивираат за учество на натпревари по различни предмети или во други активности од натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

- За 7 ученика со посебни образовни потреби, инклузивниот тим обезбедува поддршка при изготвување на ИОП и/или модифицирана програма според препораките на МКФ и работи на развивање и зајакнување на нивните функционалности и капацитети во процесот на учење. Дел од учениците со ПОП инклузивниот тим ги вклучува во воннаставни активности според нивните можности и интереси (патронен празник, проектни активности и сл.). Училиштето навремено ги идентификува и ги упатува на МКФ проценка учениците со попреченост и за истите обезбедува образовни асистенти доколку е тоа потребно.
- Училиштето ги зајакнува меѓуетничките односи во рамките на училиштето најчесто преку планирање и реализирање воннаставни и вонучилишни активности, како и учество на проекти.
- Учениците можат слободно да се изразат за време на час, а наставниците ги пофалуваат за постигнатиот труд и резултати.
- Наставниците користат различни техники и методи на оценување и редовно ги информираат учениците и родителите за постигнувањата по даден предмет.
- Со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности, како што се едукативни работилници и предавања организирани од различни институции (МВР, Црвен крст, Национален парк „Галичица“, Општина Охрид и сл.). Во овие активности вклучени се најголем дел од учениците.

**Слаби страни**

- При планирање на наставата поголем дел од наставниците недоволно соработуваат во рамките на стручните активи во училиштето, а тоа повлекува мал број на подобрувања на планирањата како резултат на меѓусебна соработка.
- На мал дел од часовите расположливите ресури се користат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како истражување, проблемски задачи, проекти, учење преку игра, примена на дигитални алатки и сл.
- Дел од наставниците не изработуваат планирања за ученици со ПОП или сметаат дека овие ученици можат да постигнат поголем дел од поставените цели за тој предмет.
- Иако се доставени планирања за заеднички наставни часови со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, мал дел од наставниците во целост ги реализираат овие интегрирани часови.

- Учениците недоволно се поттикнати на критичко размислување, поставување прашања и самостојно извлекување заклучоци во процесот на учење.
- Наставниците немаат дефинирани критериуми за оценување од страна на стручните активи, според националните стандарди наведени во новата концепција на основното образование.
- Мал дел од наставниците ја образложуваат оценката, даваат насоки за нивно подобрување и нередовно реализираат додатна и дополнителна настава согласно потребите на учениците.
- Учениците не учествуваат во планирање на вонваставните активностите, не се секогаш запознаени со предвидените активности и мал дел од учениците се вклучени во воннаставни активности според своите интереси.

**Приоритети**

- Наставниците преку обуки да се оспособат расположливите ресури за час да ги користат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како истражување, проблемски задачи, проекти, учење преку игра, примена на дигитални алатки и сл.
- Сите наставници кои работат со ученици со ПОП, навремено да изготвуваат ИОП и/или модифицирана програма според МКФ проценката и препораките дадени од стручната служба во училиштето.
- Наставниците да реализираат заеднички наставни часови (најмалку еден час во полугодие) со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, со цел поголема мултиетничка интеграција во рамките на училиштето.
- На ниво на стручни активи во училиштето да се изградат критериуми за оценување, согласно националните стандарди зададени во Новата концепција на основното образование.
- Наставниците редовно да дискутираат со учениците за постигнувањата и можните начини на нивно подобрување, па согласно потребите да реализираат додатна и дополнителна настава.
- Учениците да учествуваат во планирање на воннаставните активности, навремено запознавање на учениците со предвидените активности и нивно вклучување во истите преку сопствен избор, низ транспарентна процедура.

## Самоевалуација на ООУ„ Братство Единство“ Охрид - 2022-2024 Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Преглед на постигањата на учениците по пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети од одделенските раководители;<br>- Извештај за прегледот на постигањата на учениците по пол, етничка припадност и јазикот на наставата по наставни предмети од психолошко-педагошката служба;<br>- Записници од седници на Наставнички совет со дневен ред извештај за | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | - Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.<br>- Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки, учениците од IV до VI одд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчано), а учениците од VII до IX одд. се оценуваат со бројчани оценки. Училиштето располага со детални податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квартални периоди во текот на целата учебната година.<br>- Средниот успех во паралелките на македонски наставен јазик во последните две учебни години е 3,74. Во учебната 2022/2023 година средниот успех на учениците е 3,75; во учебната 2023/2024 година е 3,73. Во последните две години е забележано мало намалување на успехот на учениците.<br>- Средниот успех во паралелките на албански наставен јазик во последните две учебни години е 4,05. Во учебната 2022/2023 година средниот успех на учениците е 4,10; во учебната 2023/2024 година е 4,01. Во |

| | | |
|---|---|---|
| успехот и поведението на учениците по класификациони периоди.<br>- Анализа на успехот на учениците по пол, етничка припадност и по и јазикот на наставата по наставни предмети по класификациони периоди<br>-Процедури и акциони планови за поддршка на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни потреби;<br>-Записници од состаноци на Наставнички совет со дневен ред извештај за успехот и поведението на учениците по класификациони периоди;<br>- Предлози за подобрување на успехот на Наставнички совет;<br>- Анкети на ученици | | последните две години е забележано мало подобрување на успехот на учениците.<br><br>- Средниот успех во паралелките на турски наставен јазик во последните две учебни години е 4,3. Во учебната 2022/2023 година средниот успех на учениците е 4,31; во учебната 2023/2024 година е 4,29. Во последните две години е забележано мало подобрување на успехот на учениците.<br><br>- Средниот успех на ниво на училиште во последните две учебни години е 4,03. Во учебната 2022/2023 година средниот успех на учениците е 4,05; во учебната 2023/2024 година е 4,01. Во последните две години е забележано мало подобрување на успехот на учениците.<br><br>- На ниво на училиште паралелка со највисок среден успех од одделенска настава е IV-1 со 4,75% , додека од предметна настава е VI-1 со 4,27%. Паралелка со најслаб среден успех VIII-6 со 3,02%.<br><br>- Направени се вкупно изостаноци 37429 ( 42986 ) од нив оправдани 15513 ( 27034 ) и 21916 ( 15952 ) неоправдани. . Евидентно е намалување на вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште особено на оправданите изостаноци и зголемување на неоправданите изостаноци што се должи на непосетување настава на одредена група ученици.<br><br>- Поведението на учениците на крајот на учебната година е:<br><br>со примерно поведение се ученици 830, со добро поведение 5 ученици, со незадоволително поведение 12 ученици.<br><br>- Секој одделенски раководител доставува податоци за успехот на учениците од различен пол, етничка припадност и јазикот на наставата по наставни предмети и по класификациони периоди. Врз основа на доставените извештаи училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според јазикот на кој ја следат наставата, за сите квалификациони периоди, и превзема активности за подобрување на |

| | | |
|---|---|---|
| - Анкети на родители | | постигањата. Училиштето не анализира податоци за постигањата на учениците од различен пол.<br><br>- од одделенските раководители  стручната служба изготвува анализа на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност и јазикот на наставата по наставни предмети и по класификациони периоди. Училиштето располага со споредбени податоци за успехот и оценувањето по наставни предмети, наставен јазик, пол и етничка припадност за сите класификациони периоди.<br><br>- Од извршените анализи се предлагаат мерки за подобрување на успехот кај учениците по наставни предмети. Со анализите од добиените податоци и предлог мерките за подобрување на успехот се запознаваат наставниците на состаноците на Наставничкиот совет.<br><br>- Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи. Во учебната 2022-23 на Меѓународно ниво се освои златна медаља на меѓународниот хорски фестивал ‘Мелодијанум’, втора и трета награда на меѓународниот конкурс во пишување поезија есеј и ликовна творба, втора награда на Државен хорски фестивал, три први и една втора награда на Државен натпревар по соло пеење, трето место на Државен натпревар во шах, прво место на Државен натпревар по атлетика. Во учебната 2023-24 - мултиетничкиот хор освои Grand Prix на државниот натпревар, на државен натпревар по математика- освоено трето место, на државно училишно првенство во атлетика- второ место, на државен натпревар за вокални солисти- две први награди, на државен наптревар по биологија- три трети награди, на државен натпревар по природни науки- едно второ и едно трето место |
| | Резултати од екстерни тестирања | - Во нашето училиште во учебната 2022-2023 и 2023-2024 година се спроведе меѓународно тестирање (TIMSS) по предметите математика и природни науки. Во учебната 2022-2023 на ова тестирање учествуваа учениците од IV одделение. Тројца наставници од училиштето беа тестатори на ова тестирање а координатор беше училишниот педагог. Во учебната |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2023-2024 на ова тестирање учествуваа истите учениците но сега во V одделение. Шест наставници од училиштето беа ангажирани како тестатори на ова тестирање а координатор беше училишниот педагог. TIMSS е дизајниран да ги мери и толкува разликите во националните системи со цел да помогне во подобрување на наставата и учењето по математика и природни науки ширум светот.<br><br>Ова тестирање го спроведува Државниот Испитен Центар, кој не објавува резултати на ниво на училиште туку резултатите ги објавува на ниво на држава.<br><br>Бидејќи училиштето не добива резултати од ова тестирање не може да се направи анализа на резултатите и постигнувањата на учениците |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | - Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето и учениците со пречки во развојот ја вршат одделенските и предметните наставници, одделенскиот раководител/раководителот на паралелката, стручната служба и родителите. Учениците со посебни образовни потреби најпрво се идентификуваат при запишувањето во прво одделение од страна на стручната служба и истите се следат во текот на учебната година во соработка со одделенскиот наставник. Наставниците кои работат со ученици со посебни образовни потреби изработуваат индивидуални планови и програми во соработка со стручната служба, родителите и индивидуалните асистенти односно Инклузивниот тим на ученикот. По одредени наставни предмети, за наставна материја за која наставникот смета дека не е доволно совладана од некои ученици со потешкотии, се организира дополнителна настава.<br><br>- По однос на идентификацијата на учениците со тешкотии во учењето поголем број наставници (59%) успеваат, да ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето.<br><br>- Во нашето училиште има надарени ученици, а начинот на нивната идентификација ја врши секој наставник во соработка со стручната служба. Согласно природата на нивната надареност со таквите ученици се работи индивидуално со цел задоволување на нивните потреби и интереси. Од тие |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици се селектираат најсоодветните кои учествуваат на натпревари, конкурси и други активности на кои освојуваат бројни награди на тој начин се афирмираат себе си и нашето училиште. За надарените и за сите заинтересирани ученици за проширување и продлабочување на знаењата по одделни воспитно - образовни подрачја се организираат часови за додатна настава. Тоа е обврска на наставниците, која се исполнува редовно во текот на целата учебна година.<br><br>Поголем број на наставници ( 72.4% ) се изјасниле дека успеваат да ги идентификуваат надарените ученици.<br><br>- Поголем број ученици ( 53.5% ) се согласуваат дека наставниците ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех.<br>- Мал број ученици ( 30.4% ) се согласуваат дека наставниците им организираат дополнителна настава.<br>- Мал број ученици ( 25.3% ) се согласуваат дека наставниците им нудат додатни часови доколку сакаат да научат повеќе од предвиденото.<br>Училиштето ги препознава надарените ученици, учениците што имаат тешкотии во учењето, како и учениците со попреченост, се следи нивниот напредок. Учениците повремено добиваат поддршка за подобрување на постигањата, но треба да има подобрување во однос на организирањето на дополнителна и додатна настава |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | За подобрување на постигањата и успехот на учениците се врши известување на родителите. Имено, одделенските раководители, а и секој предметен наставник ги известува родителите за постигањата на учениците со давање на евидентни листови за успехот и поведението на учениците на родителски средби и при индивидуални разговори.<br><br>Родителите редовно се известуваат за постигањата на учениците преку родителски состаноци, индивидуални средби и отворени денови, со увид на евидентни листови за успех и поведение на учениците и преку електронскиот дневник.<br><br>Тоа го укажуваат и резултатите од анкетираните родители. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Мал број на родители ( 46.7% ) ја користат можноста да разговараат со предметните наставници за постигнувањата на своите деца.<br>- Поголем број на родители ( 59% ) се согласуваат дека наставниците им даваат на учениците јасни насоки како да им помагаат во учењето.<br>- Мал број на родители ( 46% ) се согласуваат со тоа дека од училиштето добиваат совети за подобрување на успехот на нивното дете.<br>- Поголем број родители ( 56.6% )се согласуваат дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете.<br>- Поголем број родители ( 77% ) континуирано се информирани за редовноста на нивното дете на училиште.<br>- Поголем број родители ( 53.1% ) се согласуваат дека на децата во училиштето им е овозможена дополнителна или додатна настава.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификациски период. Е-дневникот се води уредно и затоа родителите имаат можност редовно да се информираат за постигањата на своето дете. |
| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Записници од советувања на родители и ученици;<br>-распоред и списоци за дополнителна и додатна настава;<br>-Е-дневник;<br>извештаи за соработка со различни чинители за | Редовност во наставата | Многу добро<br><br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (центри за социјална работа и сл.), за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од пет по ученик. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати.<br><br>Според спроведените анкети од наставниците, учениците и родители/старатели добиени се следните резултати: |

| | | |
|---|---|---|
| подобрување на постигањата. | | -поголем број од родителите/старателите (77%) целосно се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете. Помал број од нив (19.5%) се согласуваат , а незначителен број не се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Многу добро<br>Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Во претходните две години извршени се низа индивидуални разговори со родители, испратени се 10 покани до родители/старатели поради нередовно посетување настава, но од извршената анализа утврдено е дека нема подобрување на редовноста кај учениците кои доаѓаат од загрозени семејства за што е информиран и вклучен и Центарот за социјална работа. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.<br>-Поголем број од наставниците (46.7%) целосно се согласуваат дека голем број од родителите ја користат можноста да разговараат за постигањата на нивното дете во учењето. Помал број од наставниците (38.1%) се согласуваат, 12.4% не се согласуваат а незначителен број целосно не се согласуваат дека голем број од родителите ја користат можноста да разговараат за постигањата на нивното дете во учењето.<br>-Поголем број од наставниците (59%) целосно се согласуваат дека на родителите им даваат јасни насоки како најдобро да му помогнат на нивното дете во учењето. Помал број од нив (37.1%) се согласуваат додека незначителен број од наставниците целосно не се согласуваат.<br>-Поголем број од учениците (58.1%) целосно се согласуваат дека нивните родители/старатели постојано се известувани за нивниот напредок на училиште. Помал број од нив (30.4%) се согласуваат, а незначителен број од учениците целосно не се согласуваат дека нивните родители/старатели постојано се известувани за нивниот напредок на училиште.<br>-Поголем број од учениците (53.5%) целосно се согласуваат дека наставниците постојано ги потикнуваат на подобрување на нивниот успех. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Помал број од нив (34.6%) се согласуваат, а незначителен број од нив целоснине се согласувам. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Многу добро<br><br>Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната придонесува кон подобрување на постигањата.<br><br>Поголем број од учениците (39.6%) се согласуваат дека наставниците им организираат дополнителна настава доколку не можат да го совладат материјалот. Помал број од нив (30.4%) целосно се согласуваат , 17.1% од учениците не се согласуваат, а незначителен број целосно не се согласуваат дека наставниците им организираат дополнителна настава доколку не можат да го совладат материјалот.<br><br>-Поголем број од учениците (52.1%) целосно се согласуваат дека наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различни начини доколку не можат да го совладат материјалот. Помал број (35.9%) се согласуваат, а незначителен број целосно не се согласуваат дека наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различни начини доколку не можат да го совладат материјалот.<br><br>-Поголем број од учениците (37.8%) се согласуваат дека наставниците им нудат додатни часови доколку по некој предмет сакаат да го научат повеќе од предвиденото на часовите. Помал број од нив (25.3%) целосно се согласуваат, 22.1% не се согласуваат , 7.4% незнаат, а незначителен број од учениците целосно не се согласуваат дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците им нудат додатни часови доколку по некој предмет сакаат да го научат повеќе од предвиденото на часовите.<br><br>-Поголем број од родителите (53.1%) целосно се согласуваат дека на нивното дете во училиштето им е овозможено дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа. Помал број од нив (22.1%) се согласуваат, 12.4% не се согласуваат, 8% не знаат, а незначителен број од нив целосно не се согласуваат дека на нивното дете во училиштето им е овозможено дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа.. |
| | | |

Подрачје 2: Постигања на учениците

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Многу добро<br><br>– Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети и за сите квалификациски периоди. Учеството и постигањата на вонНаставните активности континуирано се следи и евидентира. Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури. Сите ученици добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од два по ученик. Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето. Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во |

учењето, како и диференцирана настава. Училиштето изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето

**Силни страни**

● Родителите и учениците континуирано се известени за постигнатиот успех и според анкетите за родители/ученици добиваат добри совети за подобрување на успехот на ученикот.

● Училиштето организира специфични воннаставни активности за зголемување на свеста за меѓуетничка толеранција, културното наследство, STEM активности и примена на наученото во секојдневието.

● За учениците со посебни образовни потреби се реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.

● Се реализираат советувања на родителите/старателите и учениците, се води уредна документација и анализа и се известуваат надлежните институции.

● Учениците и родителите се задоволни од реализацијата на дополнителната настава на која учениците имаат можност да ги дополнат своите знаења во непосреден и индивидуаилизиран контакт со наставникот

**Слаби страни**

- Системско усовршување на наставничкиот потенцијал за работа со ученици со тешкотии во учењето,
- Не постои систем за идентификација и работа со надарени и талентирани ученици

**Приоритети**

- обезбедување на сензорна соба за ученици со ПОП
- Воспоставување систем за идентификација на надарени и талентирани ученици

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br>**3.3 Партнерски односсо заедницата**<br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишни програми за работа на училиштето<br><br>Статутот на училиштето;<br><br>Куќниот ред на училиштето;<br><br>Евиденција од стручните служби;<br><br>Записници од родителски средби; | Углед/имиџ на училиштето | ООУ „Братство Единство “-Охрид е единственото мултиетничко училиште во општината Охрид, каде наставата се одвива на три јазици: македонски, албански и турски. Училиштето е пример за меѓуетничка толеранција и се стреми кон цели усогласени со стратегиите на државата и локалната заедница.<br><br>Во локалната средина, училиштето е препознатливо по своите активности и проекти кои ги спроведува во рамките на редовната настава и воннаставните активности. Деталите за проектите и активностите се презентирани во годишната програма на училиштето. Позитивниот углед на училиштето е дополнително поткрепен со постигањата на учениците во повеќе области и со промовирањето на култура на заедничко живеење.<br><br>Овие успеси се резултат на вклученоста на сите засегнати страни – вработените, учениците и родителите, без оглед на нивната етничка припадност, економски или социјален статус. Училиштето редовно ги промовира активностите и постигнувањата на своите ученици преку |

| | | |
|---|---|---|
| | | медиуми, веб-страницата oоubratstvoedinstvoohrid.edu.mk, социјалните мрежи, училишниот весник и брошура.<br><br>Мисијата и визијата исто така соодвествуваат со меѓуетничкиот карактер на училиштето.<br><br>Мисија<br><br>„Обединети во различностите, во образование кое нуди еднакви можности за сите, со интегрирани меѓуетнички активности кои ги зајакнуваат партнерските односи меѓу учениците, наставниците и родителите од трите наставни јазици.“<br><br>Визија<br><br>„Нашето училиште се стреми да биде воспитно-образовна и културно разновидна заедница на ученици, родители и вработени, посветена на создавање услови за современа и квалитетна настава која ќе биде основа за меѓуетничка соработка.“<br><br>Според собраните податоци, овој индикатор е со ниво на постигнување многу добро. |
| | | |
| Кодекс на однесување;<br><br>Правилник за однесување на учениците;<br><br>Правилник за однесување на наставниците и техничкиот персонал; | Кодекс на однесување | Вработените во ООУ „Братство Единство“- Охрид се стремат кон постојано подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е клучна за создавање позитивна атмосфера во училиштето. Оваа култура на соработка се пренесува и на учениците и родителите, зајакнувајќи ја заедничката посветеност на доброто функционирање на училиштето.<br><br>Училиштето има усвоено неколку важни кодекси и правилници, меѓу кои:<br>- Етички кодекс на однесување на наставниците, стручните соработници, учениците, родителите и други вработени во училиштето<br>- Етички кодекс на оценување<br>- Еко-кодекс<br>- Куќен ред |

| | | |
|---|---|---|
| Правилник за однесување на родителите;<br><br>Анкети за ученици;<br><br>Анкети за наставници;<br><br>Анкети за родители | | Овие кодекси и правила се создадени со учество на сите релевантни страни: раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите, вклучувајќи го и ученичкиот парламент. Кодексите се достапни на македонски, албански и турски јазик и се поставени на видливи места во ходниците и училниците.<br><br>Анкетите, спроведени меѓу родителите и наставниците, покажуваат високо ниво на запознаеност и учество во создавањето и ажурирањето на кодексите<br><br>Анкета за запознаеност на родителите<br>На прашањето „Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето“:<br>- 65,5% од родителите целосно се согласуваат дека се запознаени.<br>- 27,4% се согласуваат со тврдењето.<br>- Останатите сметаат дека треба да бидат повеќе информирани.<br>Анкета за учество на наставниците<br>На прашањето „Имам учествувано во изработка/ажурирање на кодексот на однесување“:<br>- 44,8% од наставниците се согласуваат дека учествувале.<br>- 21,9% целосно се согласуваат со тврдењето.<br>- 19% не се согласуваат, додека 8,6% немаат информации за можноста за учество.<br>Анкета за учество на родителите<br>На прашањето „Имам можност да придонесам за развој/ажурирање на кодексот на однесување“:<br>- 38,9% од родителите целосно се согласуваат дека имаат можност за придонес.<br>- 37,2% се согласуваат со тврдењето.<br>- 9,7% немаат информација, а 8% не се согласуваат.<br>Оценка: Делумно задоволува<br><br>Заклучок: Иако голем процент од родителите сметаат дека имаат можност за придонес, постои потреба за подобрување на свесноста и вклученоста во процесот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето покажува силни страни во запознаеноста на родителите со кодексот на однесување.<br>Слабости се видливи во учествувањето на наставниците и родителите во неговото развивање и ажурирање.<br>Училиштето треба да работи на подобрување на комуникацијата и инклузивноста во процесот на развивање на кодексот на однесување, за да осигура дека сите заинтересирани страни се активно вклучени и информирани. |
| Записници од состаноци на стручните активи;<br><br>Записници од наставнички совети;<br><br>Дневници за работа на паралелките;<br><br>Записници од инструктивно- педагошки надзор во училиштето;<br><br>Записници од одржани родителски средби<br><br>Анкети за ученици;<br><br>Анкети за наставници;<br><br>Анкети за родители | Училишна клима | Взаемна Соработка и Поддршка<br><br>Училиштето води политика на взаемно почитување и обезбедува рамноправен третман за сите учесници во училишниот живот, што ја потврдува неговата посветеност кон инклузивно образование.<br><br>Посветеност на Раководниот и Наставниот Кадар: Раководниот тим и наставниците се посветени на создавање на позитивна атмосфера преку заедничка соработка, грижа за учениците и поддршка во нивниот развој.<br><br>Односот на Наставниците кон Учениците: Наставниците се однесуваат со почит кон учениците, земајќи ги предвид нивните индивидуални развојни карактеристики. Тие ги поддржуваат учениците во нивниот личен, културен и академски развој, поттикнувајќи толеранција и почитување на различностите.<br><br>Промовирање на еднаквост и инклузија во програмите<br><br>При реализација на посебни проекти и програми, училиштето обезбедува застапеност на учениците од различно етничко и полово потекло. Учениците имаат слобода на изразување и се рамноправни партнери во проектните активности, што дополнително придонесува за позитивната атмосфера.<br><br>Резултати од анкети<br>Анкетите, спроведени меѓу учениците, наставниците и родителите, го потврдуваат високото ниво на задоволство и прифаќање во училиштето:<br>Анкета со ученици: |

| | | |
|---|---|---|
| | | Чувство на Прифаќање од Другите Ученици: 58,1% од учениците целосно се согласуваат, а 29% се согласуваат дека се чувствуваат прифатени од своите соученици<br>Чувство на Прифаќање од Наставниците: 61,8% од учениците целосно се согласуваат, додека 30% се согласуваат дека наставниците ги прифаќаат и поддржуваат.<br>Желба за Посетување на Училиштето: 44,2% од учениците целосно се согласуваат, а 35% се согласуваат дека сакаат да одат на училиште.<br>Анкета со наставници:<br>Позитивна и Поттикнувачка Атмосфера: 50,5% од наставниците се согласуваат, додека 36,2% целосно се согласуваат дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка.<br>Добра Работна Атмосфера за Време на Часовите: 63,8% од наставниците целосно се согласуваат, а 34,3% се согласуваат со ова тврдење.<br>Соработка со Колегите: 75,2% од наставниците целосно се согласуваат дека постои добра соработка, а 21,9% се согласуваат со ова тврдење.<br>Анкета со родители:<br>Прифаќање и Почитување од Наставниците: 69% од родителите целосно се согласуваат, а 27,4% се согласуваат дека нивните деца се прифатени од наставниците.<br>Прифаќање и Почитување од Соучениците: 62,8% од родителите целосно се согласуваат, а 31% се согласуваат дека нивните деца се прифатени од соучениците.<br>Желба на Детето за Посетување на Училиштето: 75,2% од родителите целосно се согласуваат, а 21,2% се согласуваат дека нивните деца сакаат да одат на училиште.<br>Оценка: Многу добро<br>Заклучок: Родителите се задоволни од тоа како нивните деца се прифатени и почитувани во училиштето, што ја потврдува позитивната атмосфера.<br>Училиштето покажува силни страни во создавањето на позитивна и инклузивна средина за сите учесници. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкетите потврдуваат високо ниво на задоволство и прифаќање, што укажува на успешна реализација на политиката на взаемна соработка и поддршка.<br>За да се продолжи со развивање на оваа клима, училиштето треба да продолжи да работи на инклузијата и поддршката на сите ученици. |
| Кодекс на однесување;<br><br>Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br><br>Куќен ред на училиштето;<br><br>Анкети и интервјуа со наставници,ученици и родители;<br><br>Закон за основно образование | Поведение и дисциплина во училиштето | Училиштето ефективно го применува правилникот за педагошки мерки, навремено се справува со евентуални проблеми во однесувањето и води политика на почитување на куќниот ред. Овие активности овозможуваат дисциплинирана и продуктивна средина за учење.<br><br>Дисциплина и работна атмосфера<br><br>Куќен ред: Училиштето има воспоставено куќен ред кој го почитуваат и учениците и вработените. Дисциплината е на високо ниво, а за време на наставата и воннаставните активности постои работна атмосфера.<br><br>Грижа за безбедноста: Вработените постојано внимаваат на безбедноста и однесувањето на учениците за време на одморите, придонесувајќи за безбедна и пријатна средина во училиштето.<br><br>Информирање за права и обврски<br><br>Училиштето активно ги информира учениците за нивните права и обврски преку:<br><br>Одделенски часови, предметите општество и историја: Наставниците ги користат овие часови за да ги истакнат вредностите на еднаквоста и правичноста.<br><br>Трибини и состаноци: На редовни трибини и состаноци на Детската организација и Училишната заедница, се вложуваат големи напори учениците да ги разберат своите обврски и права.<br><br>Родителски средби: Родителите редовно се информираат за правата и обврските на учениците и се поттикнуваат на соработка за подобрување на ученичките обврски. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поддршка и интервенција<br><br>Училиштето е подготвено да реагира и да соработува со надлежните институции во случај на прекршување на детските права, правејќи го тоа кога е потребно.<br><br>Анкетни резултати<br><br>Резултатите од спроведените анкети го потврдуваат позитивното влијание на примената на правилникот и политиките за дисциплина и поведение:<br><br>Анкета за Родители – „Училиштето добро се справува со дисциплината“:<br>54% од родителите целосно се согласуваат дека училиштето добро се справува со дисциплината.<br>35,4% се согласуваат со тврдењето.<br>8,8% не се согласуваат, сметајќи дека е потребна поголема дисциплина.<br>Анкета за Ученици – „Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици“:<br>56,2% од учениците целосно се согласуваат дека училишните правила се применуваат подеднакво.<br>24,4% се согласуваат со ова тврдење.<br>11,1% не се согласуваат.<br>Анкета за Наставници – „Училиштето соодветно постапува при прекршување на Кодексот на однесување“:<br>48,6% од наставниците се согласуваат дека училиштето соодветно постапува при прекршувања на кодексот.<br>32,4% целосно се согласуваат со ова тврдење.<br>15,2% не се согласуваат.<br>Оценка: Многу добро<br><br>Заклучок: Наставниците се генерално задоволни од постапките на училиштето, но има место за подобрување.<br>Училиштето успешно применува правилник за педагошки мерки и одржува дисциплинирана и безбедна средина за учење.<br>Постои општа согласност помеѓу родителите, учениците и наставниците во однос на доброто управување со дисциплината. |

| | | |
|---|---|---|
| | | За подобрување на перцепцијата на дисциплината, училиштето треба да продолжи со напорите за информирање и интервенции кога е потребно |
| Годишна програма на училиштето;<br><br>Годишен извештај на училиштето;<br><br>План за работа на одделенската заедница;<br><br>План за работа на Ученичката заедница;<br><br>Евиденција на стручните службени извештаи;<br><br>Извештаи од работата на ученичката заедница;<br><br>Анкети за ученици | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Активности на Ученичката заедница и арламент во ООУ „Братство Единство“- Охрид<br><br>Во училиштето активно функционираат Ученичката заедница и Ученичкиот парламент, преку кои учениците се информираат и активно учествуваат во прашања кои се од нивен интерес. Работата на овие тела се води според однапред утврдени програми кои се реализираат во текот на целата учебна година.<br><br>Реализирани иницијативи на ученичкиот парламент<br>Според записниците од состаноците и годишниот извештај на училиштето, Ученичкиот парламент успешно реализира најмалку пет значајни иницијативи:<br>Дебата на тема „Меѓуетничка дискриминација (раса и вера)“<br>Работилница за решавање на конфликти и дискриминација<br>Дебата на тема „Меѓугенерациски булинг“<br>Работилница во рамките на предметот Граѓанско образование „Препознај, реагирај – стоп за врсничко насилство“<br>Работилница во склоп на предметот Граѓанско образование „Стоп за дискриминацијата – почитувај, биди толерантен“<br><br>Ученик правобранител<br>Во училиштето функционира позицијата ученик правобранител, кој се избира од Ученичкиот парламент преку фер и демократски процес, во присуство на претставници од седмо до деветто одделение, претседатели, заменици и одговорните наставници. Се бираат тројца ученици правобранители (по еден за секој наставен јазик), заедно со тројца заменици, а нивниот мандат трае две години.<br>Функција и надлежности: Правобранителот работи според однапред изготвена програма, има овластување да препознае прекршување на детските права и да прибира поплаки од учениците, доставувајќи ги до директорот и училишниот одбор според пропишаната процедура. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Резултати од анкети меѓу учениците<br><br>Од спроведената анкета со учениците, добиени се следните резултати на долунаведените прашања:<br>„Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување кои ги почитуваме.“<br>42,9% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето.<br>38,2% се согласуваат со ова тврдење.<br>6% целосно не се согласуваат.<br>„Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето.“<br>42,4% од учениците се согласуваат дека ученичката заедница активно работи за подобрување на училиштето.<br>29,5% се согласуваат со ова тврдење.<br>12,9% не се согласуваат, сметајќи дека заедницата треба повеќе да се ангажира во подобрување на атмосферата и условите во училиштето.<br>Оценка: Добро<br><br>Заклучок: Додека мнозинството ученици се задоволни од активностите на ученичката заедница, постои простор за подобрување, особено во однос на видливоста и учеството на заедницата во решавањето на проблемите. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Познавање и почитување на правата на децата | Во училиштето, сите вработени, ученици и родители се информирани за правата на децата и активно учествуваат во нивната заштита и промоција. Дел од наставната програма, како „Образование за животни вештини“ во часот на одделенската заедница, е посветен на теми поврзани со еднаквост, правичност и почитување на детските права.<br>Училишен кодекс и почитување на детските права<br>Правата на децата се дел од Кодексот на училиштето и се истакнати по училниците, каде што наставниците и учениците ги почитуваат и следат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици и навремено реагира на сите поплаки за нееднаков третман.<br>Според резултатите од анкетниот прашалник за наставници, на прашањето „Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето“ – 38,1% целосно се согласуваат, 33,6% се согласуваат, 14,2% не се согласуваат, а 9,7% немаат информација.<br>Свест и реакција на учениците<br>Учениците се информирани за своите права и знаат каде да се обратат доколку сметаат дека истите се прекршени. Ова е потврдено од анкетата, каде на прашањето „Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права“ – 51,6% одговориле дека целосно се согласуваат, 33,2% се согласуваат, додека 9,7% немаат информација.<br>Работилници и механизми за заштита<br>Од анкетниот прашалник за наставници, на тврдењето „На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето“- 40% целосно се согласуваат со оваа пракса, 50,5% се согласуваат, а незначителен број немаат информација;<br>додека, на прашањето „Реализирам работилници за родителите за правата и обврските на децата“ – 21% целосно се согласуваат, 47,6% се согласуваат, а 20% не се согласуваат.<br>Оценка: Добро<br>Заклучок: Иако мнозинството од наставниците се ангажирани во запознавање на учениците со механизмите за заштита, потребно е да се зголеми бројот на реализирани работилници за родителите, со цел да се подобри нивната свест и учество |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето континуирано работи на промоција на еднаквост и правичност преку вклучување на претставници од сите етнички заедници во работилници, обуки и семинари. Пример е програмата за надминување на разликите и промоција на рамноправност, документирна во годишната програма и записниците од активите.<br>Реакција на поплаки за нееднаков третман |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетниот прашалник за наставници, 60% целосно се согласуваат дека соодветно реагираат на поплаките на учениците за нееднаков третман, додека 38,1% се согласуваат. Ова укажува дека наставниот кадар е ангажиран во обезбедувањето на правичен третман.<br>Превенција и Решавање на конфликти и насилство<br>Активности за превенција на насилство и решавање на конфликти:<br>Според родителите, 37,2% целосно се согласуваат дека училиштето спроведува активности за превенција од насилство и решавање на конфликти, додека 40,7% се согласуваат.<br>Учениците исто така изразуваат задоволство; 41,9% целосно се согласуваат дека училиштето работи на решавање конфликти и спречување на насилство, а 38,2% се согласуваат.<br>Поддршка при решавање на проблеми:<br>Според учениците, 40,1% целосно се согласуваат дека добиваат поддршка и помош при решавање на проблеми, а 44,7% се согласуваат, што укажува на високо ниво на поддршка.<br>Свесност за постапување при врсничко насилство:<br>52,5% од учениците целосно се согласуваат дека знаат како да постапат при случај на врсничко насилство, додека 39,9% се согласуваат. Оваа свесност е значаен аспект од програмата за безбедност на учениците.<br>Општо задоволство со превентивните активности<br>На прашањето дали „Училиштето добро се справува при појава на насилство“, 42,5% од родителите целосно се согласуваат, додека 37,2% се согласуваат, што покажува висока поддршка од родителската заедница.<br>Заклучок<br>Општата оценка за индикаторот за промоција на еднаквост и правичност е многу добра. Училиштето активно работи на вклучување на различни етнички заедници и обезбедување правичен третман на учениците. Постојат позитивни резултати од анкетите кои укажуваат на успешноста на интервенциите во превенција на насилството и решавањето на конфликти, но училиштето може да работи на зголемување на свесноста и учеството на сите заинтересирани страни |
| | | |

| | |
|---|---|
| | |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма ;<br><br>Прирачник за животни вештини<br><br>Дневни подготовки<br><br>анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;<br><br>педагошка евиденција за изречени педагошки<br><br>мерки;<br><br>статут на училиштето;<br><br>куќен ред на училиштето;<br><br>Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба;<br><br>извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;<br><br>дневник за работа на<br><br>стручните соработници; | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Во рамките на годишната програма за подобрување на животот во училиштето, постои детално разработена Програма за соработка со родителите. Преку Советот на родители, кој функционира со сопствена програма, родителите се вклучени во работата на училиштето. Овој Совет обезбедува редовно информирање на родителите за училишните активности, овозможувајќи им да дадат свои предлози, мислења и сугестии за подобрување на воспитно-образовната работа.<br>Вклученост и поттик за активно учество на родителите<br>Ангажирање на Родителите во активностите на училиштето<br>Според анкетниот прашалник за наставници, 32,4% од наставниците целосно се согласуваат, а 58,1% се согласуваат дека ги поттикнуваат родителите активно да се вклучат во училишните активности.<br>На прашањето во анкетниот прашалник за родители дали училиштето ги поттикнува да се вклучат во активностите, 35,4% целосно се согласуваат, 38,1% се согласуваат, а 17,7% целосно не се согласуваат.<br>Прифаќање на идеи и мислења од родителите<br>Резултатите покажуваат дека наставниците ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес (42,9% целосно се согласуваат, а 48,6% се согласуваат).<br>На прашањето дали мислењата и ставовите на родителите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки во училиштето, 48,7% од родителите целосно се согласуваат, а 41,6% се согласуваат.<br>Транспарентност и достапност на информации<br>Училиштето обезбедува достапност на информациите за сите аспекти од својата работа во пишана и/или електронска форма. Ова овозможува родителите да бидат информирани за тековните случувања, планови и промени.<br>Активности за вклучување на родителите<br>Училиштето презема плански активности со цел родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на сите нивоа, како и да придонесат со |

| | | |
|---|---|---|
| оперативен план за наставен час;<br><br>записници од наставнички совет;<br>критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | | свои идеи. Постои пишана документација за прифатените и реализираните идеи од родителите за подобрување на образовниот процес.<br>Заклучок<br>Општа оценка за индикаторот за Програмата за соработка со родителите е многу добра. Училиштето активно работи на вклучување на родителите во воспитно-образовната работа и обезбедува транспарентност и достапност на информации. Потребно е да се работи на зголемување на ангажираноста на родителите, особено за оние кои не се целосно задоволни од вклученоста, со цел да се создаде поинклузивна и соработничка средина. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето активно соработува со локалната самоуправа и невладини организации, преку вклучување на учениците и наставниците во разни проекти и активности. Соработката со овие институции овозможува промоција на училиштето и развивање на чувството за општествена одговорност кај учениците.<br>Соработка со локалната самоуправа и заедницата<br>Проекти во заедницата:<br>Училиштето партиципира во активности со Црвен крст, Министерството за внатрешни работи, НП „Галичица“ и други локални субјекти, преку работилници, наградни конкурси и волонтерски активности на учениците.<br>Анкетниот прашалник за наставници покажува дека 36,2% целосно се согласуваат, а 45,7% се согласуваат со тврдењето дека учествуваат во заеднички проекти со Општината од интерес на училиштето и заедницата.<br>Мултикултурни настани и програми:<br>Училиштето е активно во учество на настани организирани од локалната самоуправа, како што се: предновогодишна програма, Велигден, Денот на шегата, „Охрид Трчат“, Денот на просветителите и Денот на ретки болести.<br>Вклученост на заедницата во подобрување на училишните услови:<br>Локалната заедница и претставници од различни организации соработуваат во подобрувањето на условите за работа, како и во наставните и воннаставните активности. Наставниците, исто така, ги вклучуваат претставниците од заедницата како гости предавачи во соодветни содржини од наставната програма. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Соработка со невладиниот сектор<br>Училиштето соработува и со невладини организации кои обезбедуваат поддршка на ученици со ПОП и на ранливи категории. Некои од овие организации се:<br>Отворете ги прозорците: обезбедува поддршка за учениците со посебни потреби.<br>Лајонс Клуб Десарети, Деница, Лихнидос и Црвен крст: учествуваат во проекти за поддршка на учениците преку едукативни и волонтерски активности.<br>Меѓународна соработка<br>Училиштето е збратимено со неколку училишта од Турција и редовно учествува на меѓународни фестивали. Оваа соработка дополнително го збогатува интеркултурниот развој на учениците и ја зајакнува улогата на училиштето како активен член на глобалната заедница.<br>Заклучок<br>Општа оценка за индикаторот за соработка со локалната самоуправа и невладини организации е добро, со многу аспекти оценети како многу добри. Училиштето покажува значителен напор за вклучување на учениците и наставниците во проекти и активности, но постои простор за зголемување на партнерствата и нови проекти. Подобрување на ангажираноста и активностите во соработка со различни субјекти би можело дополнително да го зајакне оваа индикатор. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма на училиштето<br><br>Педагошка евиденција и документација<br><br>Анкети за ученици, родители и наставници | Превенција и заштита од насилство | Во Статутот на училиштето јасно се дефинирани сите облици на насилство и начини на постапување при нивна појава. Овој Статут е во согласност со Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на насилство, злоупотреба и занемарување, како што е пропишано од Министерството за образование и наука.<br>Запознаеност на наставниот кадар<br>Наставниот кадар е запознаен со своите обврски во однос на превенцијата на насилното однесување. Според податоците од анкетата, 55,2% од наставниците потполно се согласуваат, а 41,4% се согласуваат дека |

| | | |
|---|---|---|
| Статут на училиштето<br><br>Интервју со директор<br><br>Интервју со стручна служба<br><br>Годишен извештај за работа на училиштето | | спроведуваат активности со учениците за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти.<br>Во поглед на работата со ученици жртви на врсничко насилство, речиси половина од наставниците се согласиле дека активно работат со секој од нив, додека 39% потполно се согласиле со ова тврдење.<br>Став на учениците<br>Според учениците, голем дел од нив се изјасниле дека активностите за решавање конфликти и спречување насилство се реализираат во училиштето. Околу 52,5% од учениците изјавиле дека знаат како да постапат ако забележат појава на врсничко насилство.<br>Став на родителите<br>Важно е да се напомене дека значителен број од анкетираните родители, 42,5%, целосно се согласуваат дека училиштето добро се справува при појава на насилство.<br>Заклучок<br>Општата оценка за индикаторот за превенција и заштита од насилство е добро, со некои аспекти оценети како многу добри. Училиштето активно работи на создавање на безбедна образовна средина и има добро организирани механизми за справување со насилството. Сепак, постои простор за подобрување во однос на ангажманот на наставниците, поддршката за жртвите, и зголемување на свеста и учеството на родителите во активностите за превенција. Континуираното усовршување на стратегиите за заштита ќе допринесе за понатамошно унапредување на безбедноста во училиштето. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Со цел да се утврди заложбата на училиштето во насока на заштитата од пушење, алкохол и дрога, беше спроведена анкета меѓу родителите. Во анкетата, родителите беа побарани да се изјаснат дали сметаат дека училиштето презема мерки за превенција на овие проблеми.<br>Перцепција на родителите<br>Резултатите покажуваат дека мнозинството родители веруваат дека училиштето активно работи на решавање на овој проблем. Специфично, 48,7% од анкетираните родители целосно се согласуваат со ова, додека 37,2% одговориле дека се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учествување на учениците<br>Во контекст на учеството на учениците во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, 32,7% од учениците потполно се согласиле дека учествуваат, а 26,7% одговориле со "се согласувам".<br>Заклучок<br>Општата оценка за индикаторот за превенција на пушење, алкохол и дрога во училиштето е многу добро. Училиштето активно работи на превенција преку ангажирање на родителите и учениците, организација на работилници и создавање на здрава образовна средина. Сепак, потребно е да се подобри учеството на учениците во превентивните активности, за да се постигне поголема свест и ангажираност во решавањето на овие проблеми. Овие иницијативи се основа за изградба на свесни и одговорни граѓани во идн |
| | Квалитет на достапна храна | Едукацијата на учениците за стекнување здрави навики за исхрана , се реализира преку разни работилници кои ги организираат одделенските раководители на часот на одделенска заедница, наставниците по биологија, како и членовите на еко тимот. Одделенските наставници од I-III одделение, организираат Ден на овошјето и зеленчукот, кога учениците треба да донесат овошје и зеленчук по желба , а истото да го конзумираат како ужинка на училишниот одмор.<br>Заклучок:<br>Општата оценка за индикаторот за едукација на учениците за стекнување здрави навики за исхрана е многу добро. Училиштето се обидува да создаде здраво опкружување преку ангажирање на учениците во едукативни активности, што резултира со подобрени навики и свест за важноста на здравата исхрана. Препорачувања за идните активности вклучуваат зголемување на инклузијата на учениците во планирањето и реализацијата на работилниците, што дополнително ќе ја засили свеста и интересот за здравата исхрана. |
| | Хигиена и заштита од болести | Училиштето активно вложува напори за обезбедување на чиста, одржлива и безбедна средина за учење и работа.<br>Подготовки пред учебната година |

| | | |
|---|---|---|
| | | Пред почетокот на учебната година, се извршуваат неопходни активности за:<br>Чистење и дезинфекција на просторот<br>Дезинсекција и дератизација на објектот<br>Тековно одржување<br>Техничкиот персонал е задолжен за организација и реализација на активностите поврзани со чистење и одржување на просторот во текот на наставата.<br>Ставови на родителите и учениците<br>Според податоците од спроведената анкета за хигиенските услови во училиштето:<br>15,49% од родителите потполно се согласуваат дека хигиената е на високо ниво.<br>23,29% од родителите не се согласуваат со ова тврдење.<br>Компаративната анализа на ставовите на учениците и родителите покажува незначителни статистички разлики:<br>30,4% од учениците сметаат дека хигиената е на високо ниво, во споредба со 43,4% од родителите.<br>Грижа за здравјето на учениците<br>Училиштето постојано води грижа за здравјето на учениците преку:<br>Содржини на часот на одделенска заедница<br>Едукативни работилници организирани од Медицински центар и Црвен крст<br>Стручната служба<br>Прегледи и вакцинации<br>За заштита на здравјето на учениците и превенција од разни болести, се организираат:<br>Систематски општи и стоматолошки прегледи, согласно програмата за Школска медицина и стоматологија при ЈЗУ Здравствен дом - Охрид. Овие прегледи не ја попречуваат редовната настава.<br>Училиштето се придржува и кон програмата за редовни вакцинации во соработка со ЈЗУ Здравствен дом - Охрид.<br>Обука на вработените |

| | | |
|---|---|---|
| | | Вработените во училиштето спроведуваат систематски прегледи согласно законската регулатива. Дел од вработените имаат сертификати за давање прва помош, што дополнително придонесува за безбедноста на учениците.<br>Заклучоци<br>Според собраните податоци, овој индикатор е со ниво „ делумно задоволува.“ |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | На крајот на учебната 2023/24 година, училиштето инсталираше камери во двете училишни згради, што дополнително го подига нивото на безбедноста.<br>Громобранска инсталација<br>Во централната зграда нема поставена громобранска инсталација, додека во зградата Лескајца таа е присутна. Сепак, училиштето не поседува документ за извршено мерење на инсталацијата.<br>Субјективно чувство на безбедност<br>Според резултатите од истражувањето за ставовите на учениците, генерално се чувствуваат безбедно на училиште.<br>45,6% од учениците потполно се согласуваат дека се чувствуваат безбедно, 39,2% се согласуваат со ова тврдење.<br>Овие податоци укажуваат на позитивно чувство на безбедност во училишната средина.<br>Заклучок<br>Општата оценка за индикаторот за обезбедување на чиста, одржлива и безбедна средина за учење е делумно задоволува. Иако училиштето презема важни мерки за чистота и безбедност, постојат области за подобрување, особено во однос на перцепцијата на хигиената и безбедноста. Препораките за иднината вклучуваат:<br>Зголемување на транспарентноста и комуникацијата со родителите и учениците за хигиенските активности.<br>Планирање на редовни обуки за вработените во однос на здравствените и безбедносните стандарди.<br>Инсталирање на громобранска инсталација во централната зграда за зголемување на безбедноста |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето ефикасно применува систем за обезбедување материјални средства и поддршка за ученици од социјално загрозени семејства, со што се овозможува нивно активно учество во наставата и воннаставните активности. Поддршката која ја добиваат ги вклучува основните потреби за следење на наставата, како учебници и прибор, како и финансиска поддршка за воннаставни активности.<br>Помош за наставни потреби<br>Процедурите овозможуваат овие ученици да добијат потребни учебници, работен прибор и друга поддршка, што им овозможува да ја следат наставата соодветно.  Два пати во текот на годината се организираат хуманитарни акции, во септември(кога се донира училишен прибор) и во декември(се донираат новогодишни пакетчиња), но често и по потреба.<br>Поддршка за воннаставни активности<br>За да се овозможи учество и во воннаставните активности кои бараат финансиски средства, како што се екскурзии, приредби и натпревари, училиштето секоја година обезбедува хуманитарни пакети и организира хуманитарни акции. Ученици. Исто така во соработка со туристичките агенции се обезбедува попуст или гратис патувања и викенди за учениците од социјално загрозените семејства, како и гратиси или попусти за посети на театри, музеи, кина, културно историски споменици и др.<br>Соработка со заедницата и институции<br>Во оваа иницијатива училиштето тесно соработува со родителите, локалната заедница и релевантни институции, вклучително со општинскиот Црвен крст, ФИОМ, Центарот за социјална работа, хуманитарни организации и деловната заедница.<br>Резултати од анкетата меѓу наставниците<br>Во однос на инклузијата на маргинализирани групи во училишните активности, 53% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, а 39.6% дека се согласуваат дека ги вклучуваат овие ученици во наставата и активностите, што укажува на висока свесност и ангажман.<br><br>Заклучок и препораки |

| | | |
|---|---|---|
| | | Индикаторот укажува на значаен напредок и ангажман на училиштето во обезбедување на поддршка за учениците од социјално загрозени семејства. За натамошно подобрување, се препорачува да се инвестира во активности за зголемување на информираноста на заедницата и во дополнителни иницијативи за поддршка, со цел учениците од социјално загрозени семејства да имаат уште подобри можности за успешно учество и развој во училишната средина. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Наставата за учениците со попреченост во основните училишта се реализира во согласност со Индивидуалниот образовен план или модифицирана наставна програма, согласно со Статутот на училиштето (Член 12).<br>Училиштето располага со обучен наставен кадар за прва помош и заштита од елементарни непогоди, што е наведено во Годишниот извештај за 2022 година.<br>За учениците со посебни образовни потреби, од страна на инклузивните тимови изработени се индивидуални образовни планови и модифицирани програми. Четири ученици добиле поддршка од образовни асистенти, што е истакнато во Годишниот извештај за планирање на наставата.<br>Училиштето редовно изведува систематски прегледи на сите ученици, вклучувајќи стоматолошки прегледи и вакцинации, според годишната програма за 2023 година.<br>Анкета за добросостојба на учениците<br>Во однос на грижата за добросостојбата на учениците, беше спроведена анкета меѓу родителите.  На прашањето „Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете”:<br>49,6% целосно се согласуваат,<br>45,1% се согласуваат.<br>Заклучок<br>Согласно собраните податоци и оценките на родителите, училиштето е на прав пат за обезбедување на инклузивна и поддршка околина за учениците со попреченост. Сепак, има простор за дополнителни иницијативи и подобрувања, особено во контекст на зголемување на свесноста и вклученоста на целата училишна заедница во инклузивните практики. Овој |

| | | |
|---|---|---|
| | | индикатор може да се оцени со ниво на постигнување „добро“, но со потенцијал за дополнителни подобрувања |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето навремено ги открива и се грижи за учениците со емоционални потешкотии во соработка со стручната служба, родителите и релевантните институции, како што е наведено во Годишните извештаи за 2022 година.<br>Развој на хумани вредности<br>Преку низа активности, училиштето работи на развој на хуманите вредности и емпатијата кон социјално загрозените семејства и ранливите категории на ученици. Училиштето презема мерки за намалување на дискриминацијата и заштита на учениците од насилство и злоупотреба.<br>Работилници и обуки<br>Во овој контекст, редовно се одржуваат работилници под водство на одделенските раководители, стручната служба, како и од страна на други институции и центри со кои училиштето соработува, како што е наведено во Годишната програма за 2023 година.<br>Анкета за грижа и разбирање<br>Според анкетата спроведена меѓу родители, на прашањето “Училиштето се грижи за благосостојбата на моето дете”, 37,2% одговориле дека целосно се согласуваат, додека 49,6% се согласуваат.<br>Од друга страна, анкетираните ученици, на прашањето “Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми”, 37,2% потврдиле дека целосно се согласуваат, а 49,6% се согласуваат.<br>Заклучок<br>Во целина, училиштето посветува внимание на потребите на учениците со емоционални потешкотии и работи на развој на хуманите вредности во училиштето. Иако постојат позитивни резултати и свесност за потребите на учениците, може да се посочи потребата за дополнителни напори во насока на поголема вклученост и поддршка на учениците. Овој индикатор може да се оцени со ниво на постигнување „добро“, со потенцијал за дополнителни подобрувања, особено во активностите за поголема свесност и разбирање на потребите на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Планирање и реализација на активности<br>Училиштето активно работи на професионално ориентирање на учениците, што е клучно за нивниот успешен избор на занимање и продолжување на образованието. Организирањето на презентации од страна на средните училишта е одлична иницијатива, која им дава на учениците конкретни информации за различни професии и наставни програми.<br>Посети на средни училишта<br>Посетите на средни стручни и приватни училишта се од особено значење за учениците од завршните одделенија. Овие активности им овозможуваат на учениците да добијат реална претстава за образовните услови и можностите за развој во конкретни области, што може да влијае на нивниот избор на кариера.<br>Ставови на родителите<br>Резултатите од анкетата за родителите укажуваат на позитивно прифаќање на активностите на училиштето. Со 47,8% од родителите кои целосно се согласуваат и дополнителни 37,2% кои се согласуваат со тврдењето дека училиштето дава информации и поддршка при изборот на понатамошно образование, се создава слика за добар однос и соработка помеѓу училиштето и семејствата.<br>Заклучок<br>Училиштето демонстрира силен ангажман во областа на професионалното ориентирање и поддршка на учениците, што се потврдува и со позитивните ставови на родителите. Овој индикатор е на ниво добро, со потенцијал за понатамошно подобрување преку продолжување на иницијативите за инволвирање на учениците во реални ситуации и средини. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме на подрачјето**

ООУ „Братство Единство“- Охрид се стреми кон обезбедување на позитивна училишна клима, со акцент на поддршка, безбедност и развој на хумани вредности. Сепак, постојат области за подобрување, особено во однос на хигиенските услови и потврда на ефективноста на превентивните мерки. Принципите на инклузија и активна соработка со семејствата продолжуваат да играат клучна улога во создавањето на здрава и поддршка околина за сите ученици.

Училиштето демонстрира проактивен пристап во идентификување и поддршка на учениците со емоционални потешкотии и посебни образовни потреби. Ова е значајно за создавање инклузивна средина и обезбедување на благосостојба на сите ученици.

Постои значајна вклученост на родителите во образовните активности и процесите на донесување одлуки во училиштето. Тоа укажува на добрата комуникација помеѓу училиштето и семејствата, што е важно за поддршка на учениците.

Училиштето успешно организира редовни здравствени прегледи и вакцинации, што покажува ангажман за здравјето на учениците. Ова е важно за превенција од болести и подобрување на општата здравствена состојба на учениците.

И покрај активностите за одржување на чистота и безбедност, постои потреба за подобрување на хигиенските услови, како што покажуваат резултатите од анкетите. Ова е критично за задоволство и благосостојба на учениците и родителите.

Недостатокот на документи за безбедносни инсталации, како што е громобранската инсталација, укажува на потреба за дополнителни напори во областа на безбедноста на училиштето. Ова е особено важно за создавање на сигурна училишна средина.

Потребно е дополнително усовршување на наставниците за подобро разбирање на потребите на учениците. Ова може да води до подобра комуникација со родителите и зголемување на задоволството од образовниот процес.

Има простор за зголемена соработка со локалните институции и невладините организации за поддршка на учениците, што може да придонесе за поголема инклузија и ресурси за помош на ранливите категории.

Образовната институција покажува значителен напредок во повеќето индикатори, но постојат области кои бараат подобрување. Клучни приоритети вклучуваат зголемување на ангажманот на учениците во активности, подобрување на свесноста за насилство и дополнителна обука за наставниците, особено во контекст на инклузивно образование и емоционална поддршка.

**Силни страни**

- **Активно учество во разни проекти и настани, промоција на училиштето и развој на општествена одговорност кај учениците.**
- **Запознаеност на наставниците со обврските и активностите за превенција.**
- **Учење за важноста на здравата исхрана.**
- **Спроведени систематски прегледи и хигиенски мерки.**
- **Организирани презентации од средни училишта.**
- **Овие јаки страни на училиштето укажуваат на неговата посветеност кон подобрување на условите за учење и развој на учениците, со посебен акцент на инклузивност и безбедност.**

**Слаби страни**

- **Недостаток на документација за безбедност:** Училиштето нема документи за извршени мерења на громобранската инсталација во централната зграда, што може да претставува потенцијален ризик за безбедноста на учениците и вработените**.**
- **Потреба за повеќе обука на наставниците:** Иако постои обучен кадар за прва помош и заштита, наставниците можеби не се доволно обучени за решавање на специфични емоционални и социјални проблеми на учениците, што може да влијае на квалитетот на поддршката.
- **Потреба за проширување на партнерствата и нови проекти за зголемена соработка.**
- **Поделени ставови за хигиената.**
- **Потреба за подобрување на комуникацијата со родителите:** Иако постои добра вклученост на родителите, потребно е дополнително унапредување на комуникацијата со цел подобро разбирање на нивните потреби и проблеми.
- **Неопходност за подобрување на меѓусебната интеракција:** Слабата соработка помеѓу различните институции и организации во заедницата може да ограничи ресурси и поддршка за учениците, особено за оние од ранливите категории.

**Овие слаби страни укажуваат на клучни области во кои училиштето треба да се фокусира за да ја подобри својата работа и да обезбеди квалитетно образовно искуство за сите ученици.**

**Приоритети**

**Подобрување на поддршката за ученици со посебни потреби:** Продолжување на изработка на индивидуални образовни планови и модифицирани програми, со цел зголемување на инклузивноста и подобрување на образовните исходи за учениците со посебни потреби.

**Засилување на соработката со родителите:** Училиштето треба да продолжи да воведува механизми за активна вклученост на родителите во процесот на образованието, со цел зголемување на нивната доверба и учество.

**Превенција на насилство и злоупотреба:** Продолжување на активностите за превенција на насилство, вклучувајќи редовни работилници и едукација за учениците, како и зајакнување на заштитните механизми за жртвите на насилство.

**Одржување на Чисти и Безбедни Училишни Простории:** Обезбедување на редовни активности за чистење и дезинфекција, како и инвестиции во подобрување на инфраструктурата, за да се создаде потполно безбедна средина за учење.

**Зголемување на Безбедноста во Училиштето:** Инвестирање во подобрување на безбедносните мерки, вклучувајќи инсталирање на нови безбедносни системи и едукација на учениците за реагирање во итни ситуации.

**Промоција на Здрави Начини на Живот:** Промоција на здрави навики, како што се отстранување на пушењето и алкохолот, како и организирање на работилници за подигање на свеста за штетноста на зависностите.

**Овие приоритети ќе помогнат да се создаде позитивна, инклузивна и безбедна средина за учење, што ќе ги поддржи учениците во нивниот личен и образовен развој.**

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| **4.1 Управување ираководење соучилиштето**<br>**4.2 Цели и креирање научилишната политика** |

| Собирање податоци | | |
| --- | --- | --- |
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училишниот одбор;<br>деловник за работа на училишниот одбор;<br>статут на училиштето;<br>интервју со претседател на училишен одбор;<br>развојна програма на училиштето;<br>програма за работана директорот;<br>интервју со директор;<br>анкети со наставници, родители и ученици;<br>распоред и процедури за користење на просторот и материјлите воучилиштето;<br>докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи(активности,дописи,апликации),<br>активностиипрограмазаработанаучилишнатабиблиотека/медиатека | Управување со училиштето | Орган на управување со училиштето е Училишниот одбор. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Составен е од седум члена и тоа: тројца претставници од Наставничкот совет (1 македонец, 1 Албанец и 1 Турчин), тројца претставници од Советот на родители (1 Македонец, 1 Албанец и 1 Турчин) и еден од Локалната самоуправа од Советот на Општина Охрид. Претседателот на Училишниот одбор е од редот на Совет на родители. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на Училишниот одбор и е транспарентна. На спроведената анкета за родители на прашањето дали училишниот одбор транспарентно ги објавува своите одлуки најголем број -80,5% од испитаните родители одговориле дека тоа е точно, односно дека се согласуваат со тоа тврдење, 9,7% немаат инфотмација за тоа, 8% не се согласуваат со тоа тврдење и 1,8% воопшто не се согласуваат. Состаноците се одржуваат согласно деловникот за работа. Училишниот одбор активно соработува со Раководниот орган на училиштето и другите образовни структури и при тоа им обезбедува |

| | | |
|---|---|---|
| | | редовни, детални и сеопфани информации за својата работа и на другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и другите училишни структури со што се создава пријатна клима за работа на сите нивоа. Сите членови во Училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Сите членови детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот на ниво на фискална година и на ниво на учебна година.<br><br>Многу добро |
| | Раководење со училиштето | Раководниот орган на училиштето го сочинуваат директорот и помошникот директор. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесотна градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Работата на раководниот орган е транспарентна, со директна комуникација, преку соопштења, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска коресподенција со оние кои треба да бидат информирани. Од спроведената анкета на наставниот кадар на прашањето дали во училиштето се практикува соработка меѓу раководниот тим, наставниот кадар, родителите и учениците при донесување одлуки, најголем број – 94,3% одговориле дека се согласуваат со тоа тврдење, а незначителен број - 5,7% дека не се согласуваат. Исто така раководниот орган новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни |

| | | |
|---|---|---|
| Програма за работа на училишниот одбор; | | мрежи.<br><br>**Многу добро** |
| -деловник за работа на училишниот одбор;<br><br>статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); развојна програма на училиштето; програма за работа на директорот; програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; распоред и процедури за користење на просторот и матерdevelоплите во училиштето; прашалник за одговорното лице од општината; докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека. | Управување и раководење со ресурсите | Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонналставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Поголем дел –54,3% од анкетираните наставници се согласуваат со тврдењето дека училиштето им обезбедува потрошен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности, мал број -41,9% не се согласуваат, а незначителен број - 3,8% одговориле дека не знаат.<br>**Многу добар**<br>Училишната библиотека во зградата Лескајца располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката има читална, добро е уредена и учениците може во неа да читаат. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката се води евиденција за издадените и вратените книги со картонче за секое дете. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Во библиотеката се организираат активности преку кои кај учениците се развива култура за читање, се развива љубопиноста, креативноста, фантазијата, како и медиумската писменост. Сето тоа се остварува преку читање книги на одредени автори и дискусија за истите. Библиотеката има библиотечен фонд по наставни јазици и тоа: 1800-македонски, 1524-албански, 915-турски јазик во поглед на лектирни изданија. Во однос на белетристика: 9656-македонски јазик, 1300-албански, 6196-турски наставен јазик. Стручна литература има 115 на македонски јазик, 38 на албански и 23 на турски јазик, а останата |

| | | |
|---|---|---|
| | | литература 1997 на македонски и 3195 на албански јазик. Во Централна зграда нема библиотекар поради затворање на тоа работно место. Издавањето на книги од библиотеката во Централна зграда, како и водење евиденција ја вршат одделенските наставници - секој за учениците од своето одделение, а за предметна настава предметните наставници по мајчин јазик. Од анкетата на учениците на тврдењето „Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека'' поголем број - 66,4% се согласуваат, односно целосно се согласуваат со ова тврдење, мал број - 31,8 % не се согласуваат, а незначителен број - 1,8% не знаат, односно немаат информација. Со тврдењето „Библиотеката / медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера'' поголем број -65,9% од анкетираните ученици се согласуваат, мал број - 30,4% не се согласуваат, а незначителен број - 3,7% не знаат, односно немаат информација за тоа.<br><br>Добро |
| | Раководење со кадарот | **Добро**<br><br>Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни плановии програми, како и стручни соработници со мали исклучоци. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Во случај на отсуства на наставник, за заменски наставници (согласно чл. 85 ст. 5 од Законот за основно образование и чл. 9 ст.4 од Законот за наставници и стручни соработници во основни и средни училишта) согласност за итни и неодложни вработувања по основ на замена за најмногу до 3 месеци (за боледување и неплатено остуство) дава градоначалникот. Ако се работи за подолго отсутво (на пр. породилно отуство), општината обезбедува согласност од МОН и со таа согласност училиштето објавува оглас. Наставниот кадар е распределен на начин кој |

| | | |
|---|---|---|
| | | обезбедува ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат минимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Согласно потребите на кадарот училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Сите следат онлајн обуки организирани од БРО според новата концепција. Не се врши секогаш дисеминација од спроведените обуки за планирањата на наставниците и стручните соработници. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариеренразвој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата, кои постигнуваат забележителни резултати и го афирмираат училиштето на регионално, републичко и меѓународно ниво. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.<br><br>Според спроведените анкети со наставниот кадар и родителите, добиени се следните резултати:<br>- Помал дел од наставниците (44.8%) целосно се согласуваат со тврдењето дека учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со нивните потреби. Поголем дел од наставниците (47.6%) се согласуваат, а незначителен дел незнаат или немаат информации.<br>- Поголем дел од наставниците (44.8%) се согласуваат дека училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетно работење на наставниците. Еднаков број на наставници (21.9%) целосно се согласуваат и дел од истиот не се согласуваат, а незначителен број целосно не се согласуваат.<br>- Поголем дел од родителите (63.7%) целосно се согласваат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен. Помал |

| | | |
|---|---|---|
| | | дел од родителите (28.3%) се согласуваат, а незначи-телен број не се согласуваат. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | **Многу добро**<br><br>Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа два пати во една училишна година, при што за истата се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час.<br><br>Според спроведените анкети, добиени се следните резултати:<br>- Поголем дел од наставниците (47.6%) се согласуваат дека директорот и стручните соработници следат најмалку два нивни наставни часови во текот на едно полугодие . Помал дел од нив (36.2%) целосно се согласуваат, мал дел (9.5%) не се согласуваат, додека незначителен дел целосно не се согласуваат.<br>- Поголем дел од наставниците (44.8%) се согласуваат дека за нивните следени часови добиваат конструктивна повратна информација. Помал дел од нив (41%) целосно се согласуваат , а незначителен дел не се согласуваат.<br>- Поголем дел од наставниците (51.4%) се согласуваат дека во училиштето ги поттикнуваат стручно да се усовршуваат. Помал дел (35.2%) целосно се согласуваат, (9.5%) од нив не се согласуваат а останатиот дел целосно не се согласуваат или не знаат. |
| **Индикатор 4.2Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето, извештај од самоевалуација, интервјуа со директорот, развојна програма на училиштето | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето како установа од јавен интерес за воспитание и образование е единствено мултиетничко училиште каде наставата се одвива на три наставни јазици: македонски, албански и турски наставен јазик и е вистински пример за меѓуетничка толеранција со јасно поставени цели. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на учениците. Вработените, родителите и учениците се запозаени со целите, начелата и вредностите како и со начинот на нивното остварување и подобрување. Вработените, родителите и учениците вклучени се во реализацијата на зацртаните цели, но постои постојано ангажирање од Раководниот тим нивното учество да биде што поголемо и што посуштинско. Училиштето ги мобилизира сите субјекти (наставничкиот кадар, учениците, локалната заеница) за остварување на целите и континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.<br><br>Многу добро |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето;анкетни прашалници за ученици, наставници, родители | Резултати од развојно планирање | Целите на развојното планирање се прецизни, јасно ја отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното реализирање вклучени се наставниците-ментори, наставниците, учениците, родителите и претставници од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. Реализираните цели од развојната програма се пишуваат на |

| | | |
|---|---|---|
| | | годишниот извештај, истите се презентират на училишниот одбор и се доставуваат во општина.<br><br>На прашањето „Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето“ мал број родители, односно 38.1% одговориле се согласувам а 35.4% целосно се согласувам, незначителен број 17,7% одговориле не знам и 7,1% не знам-немам информација. А на прашањето „Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период“ родителите одговориле: целосно се согласувам 36.3% а 32.7% се согласувам, 16,8% не се согласувам и 14,2% немам информација. Наставниот кадар на прашањето „Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање“ мал број (39%) одговориле целосно се согласувам а 47.6% одговориле се согласувам.<br><br>Многу добро |
| годишна програма за работа на училиштето,интервју со директорот и сметководителот, буџет и финансиски план на училиштето, анкети | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Училиштето работи со три сметки 903 е Општинска сметка од која се наплаќаат и предвидуваат пари за плати и придонеси од плати, комуналии и нафта за греење, средства за хигиена, материјални трошоци за поправка и одржување, весници и списанија, други материјали, превоз на ученици, наставни и нагледни средства, огласи, отпремнини на вработени при пензионирање и други потреби кои се вметнати во финансовиот план. Сметката 787 е самофинасирачка (сопствена) на која се собираат пари од користење на салата во училиштето на која се предвидени пари и за кои е предвиден план за нивно трошење. Овие планови се донесени на училишен одбор и дадени на усвојување до Советот на Општина Охрид. Третата сметка 603 е |

| | | |
|---|---|---|
| | | Општинска донаторска од која не може да се плаќа без согласност од градоначалник. За оваа сметка планот го предвидува Општината. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.<br>На прашањето запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето мал број родители (38,1%) одговориле незнам-немам информација а незначителен број (21,2%) одговориле не знам. На истото прашање мал број (30,5%) од наставиот кадар одговориле не се согласувам и незначителен број (26,7%) одговориле се согласувам, 13,3% целосно не се согласувам, 20% незнам-немам информација и 9,5% целосно се согласувам.<br><br>Многу добро |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Составен е од седум члена и тоа: тројца претставници од Наставничкот совет (1 македонец, 1 Албанец и 1 Турчин), тројца претставници од Советот на родители (1 Македонец, 1 Албанец и 1 Турчин) и еден од Локалната самоуправа од Советот на Општина Охрид. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. |

Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. На спроведената анкета за родители на прашањето дали училишниот одбор транспарентно ги објавува своите одлуки најголем број -80,5% од испитаните родители одговориле дека тоа е точно. Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот на ниво на фискална година и на ниво на учебна година.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Сооед спроведената анкета на наставниот кадар на прашањето дали во училиштето се практикува соработка меѓу раководниот тим, наставниот кадар, родителите и учениците при донесување одлуки, најголем број – 94,3% одговориле дека се согласуваат со тоа тврдење.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.

Поголем дел – 54,3% од анкетираните наставници се согласуваат со тврдењето дека училиштето им обезбедува потрошен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности.

Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Централна зграда нема библиотекар поради затворање на тоа работно место. Издавањето на книги од библиотеката во Централна зграда, како и водење евиденција ја вршат одделенските наставници - секој за учениците од своето одделение, а за предметна настава предметните наставници по мајчин јазик. Од анкетата на учениците на тврдењето „Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека'' поголем број - 66,4% се согласуваат, односно целосно се согласуваат со ова тврдење. Со тврдењето „Библиотеката / медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера'' поголем број -65,9% од анкетираните ученици се согласуваат.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници со мали исклуоци. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е добро.

Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат минимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Согласно потребите на кадарот училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Сите следат онлајн обуки организирани од БРО според новата концепција. Не се врши секогаш дисеминација од спроведените обуки за планирањата на наставниците и стручните соработници. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.

Училиштето како установа од јавен интерес за воспитание и образование е единствено мултиетничко училиште каде наставата се одвива на три наставни јазици: македонски, албански и турски наставен јазик и е вистински пример за меѓуетничка толеранција со јасно поставени цели. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

Целите во развојното планирање се прецизни, остварливи и ја отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. При нивното реализирање се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница.

Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

| |
|---|
| **Силни страни**<br><br>Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро.<br>Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.<br>Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.<br>Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. |
| **Слаби страни**<br><br>На училиштето му е потребен библиотекар во Централната зграда.<br>Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот. |
| **Приоритети**<br><br>Вклучување на училиштето во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели.<br>Опремување на училници и кабинети со современи компјутерски и дигитални помагала. Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот. |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

Податоците внесени во самоевалуацијата се добиени како резултат од обработените  анкети со сите чинители

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели |
| Анкета за наставници |
| Анкета за ученици |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на **ООУ „Братство Единство“ – Охрид** период 2022-2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ Член 129, закон 161/19 и 229/20 година) Општинското основно училиште „Братство Единство“ – Охрид изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2023 и 2023-2024 година
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 2.4.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Наташа Илоска – стручен соработник дефектолог
2. Резарта Лога – стручен соработник педагог
3. Лизана Зиба – наставник по информатика
4. Марија Пупиноска Гогова – наставник ментор
5. Фахрије Реџеп – одделенски наставник на турски наставен јазик
6. Доминика Чауле – помошник директор и наставник по ФЗО
7. Емилија Паункоска – наставник по англиски јазик
8. Ивана Трајкоска – родител
9. Арта Зиба – родител
10. Ајфер Муфти - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 10.5.2024 – 15.7.2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| **1. Планирање, настава и учење** | Марија Пупиноска Гогова<br>Македонка Кузманоска Мувческа<br>Емира Су<br>Сибел Ривени Елмаз<br>Фириет Сулејман<br>Ајсељ Доко Реџеп<br>Лејла Реџеп Мерсин |
| **2. Постигања на учениците** | Фахрије Реџеп<br>Ерен Малик<br>Ивана Рилкова Томеска<br>Лумнике Усеини |
| **3. Училишна клима и односи во училиштето** | Лизана Зиба<br>Сезен Таибова<br>Елиф Сулејман<br>Ивана Илиевска Милошески<br>Есма Ала<br>Зана Османи<br>Пана Димоска<br>Ангела Јорданоска |

| | |
|---|---|
| **4. Управување и раководење** | Доминика Чауле<br>Ирина Ѓерасимоска<br>Дениса Емуш<br>Ѓулшен Дилавери |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 27.11.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Подрачјето „Планирање, настава и учење“ ги содржи следните индикатори за квалитет:<br>1.1 Планирање на наставниците;<br>1.2 Наставен процес;<br>1.3 Искуства на учениците од учењето;<br>1.4 Оценувањето како дел од наставата;<br>1.5 Воннаставни активности и натпревари.<br><br>За да се утврди нивото на постигнување за секој индикатор направена е анализа на собраните податоци од различни извори: анкетни прашалници со ученици, наставници и родители, интервјуа со стручна служба и директор, дискусија со фокус групи ученици и увид во евиденцијата и документацијата која ја поседува училиштето. Во однос на секој од претходно наведените индикатори добиени се следниве сознанија:<br><br>– Поголем дел од наставниците имаат поддршка од директорот и стручната служба при планирање на наставата преку следење и давање конкретни насоки за надминување на евентуални недостатоци. Наставниците кои работат по новата концепција ја планираат наставата на ниво на актив и за истите имаат добиено соодвени обуки организирани од БРО. Останатите наставници кои работат по стара програма изработуваат индивидуални планирања при што разменуваат искуства со други наставници, училишта и различни медиуми, но недоволно соработуваат во рамките на стручните активи во училиштето. |

– Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Листата со изборните/ слободните изборни предмети училиштето ја прави според пропишаната процедура со Водичот за слободни изборни предмети, но истовремено се види сметка и на кадровските можности во училиштето. Учениците ги избираат предметите по сопствен избор, по пат на анкетирање. Училиштето нема можност да формира групи со мешан етнички состав за слободните изборни предмети, затоа што наставата се реализира во различни смени. Поголем дел од наставниците користат различни ресурси за учење, но мал број ги користат за функционални знаења. Поголем број од наставниците и родителите сметаат дека постои интеракција меѓу наставниците и учениците, додека пак мал број од учениците се согласуваат со оваа констатација. Од инклузивниот тим на училиштето, наставниците добиваат соодветна поддршка при планирање на ИОП и/или модифицирана програма за учениците со посебни образовни потреби, но мал дел од наставниците не изработуваат планирања за ученици со ПОП или сметаат дека овие ученици можат да постигнат поголем дел од поставените цели за тој предмет. Училиштето навремено ги идентификува и ги упатува на МКФ проценка учениците со попреченост и за истите обезбедува образовни асистенти доколку е тоа потребно. Во училиштето се реализираат мултиетнички активности (најголем број воннаставни и вонучилишни активности, како и учество на проекти) во кој се вклучуваат дел од наставниците и дел од учениците во балансиран состав (македонски, турски, албански јазик). Мал дел од наставниците реализираат редовни интегрирани мултиетнички часови.

– Поголем дел од родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина за учење, во која најголем дел од часовите се интересни за нивното дете. Учениците можат слободно да се изразат за време на час, но сметаат дека не се доволно мотивирани критички да размислуваат, да поставуваат прашања за тоа што не им е јасно и да донесуваат заклучоци. Најголем дел од наставниците ги пофалуваат учениците за постигнатиот труд и постигнатите резултати. Поголем дел од наставниците ги идентификуваат посебните образовни потреби на учениците и преку различни образовни техники ги прилагодуваат активностите на индивидуалните потреби на учениците.

– Во училиштето се применува формативно и сумативно оценување, се користат различни методи, техники и инструменти за оценување, но нема дефинирани критериуми за оценување од страна на стручните активи, според националните стандарди наведени во новата концепција на основното образование. Оценувањето е транспарентно и наставниците редовно ги информираат учениците и родителите за постигнувањата по даден предмет. Иако наставниците сметаат дека ги образложуваат оценките и даваат конкретни насоки за нивно подобрување, учениците истакнуваат дека тоа го прават мал дел од нив. Во училиштето нередовно се реализира додатна и дополнителна настава за постигнување подобри резултати. Коефициентот за континуитет во успехот е под 0.9 што укажува на несоодветен однос на успехот на полугодие и успехот на крајот од годината.

– Во училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Но учениците и родителите истакнуваат дека во училиштето нема доволен избор на воннаставни активности, дека мал дел од нив учествуваат во планирањето на воннаставните активности и не секогаш се запознаени со активностите. Учеството на учениците во воннаставни активности е според желбата на учениците или препораки дадени од наставниците. Учениците од третиот образовен период,

| |
|---|
| учествуваат во општествено-хуманитарни активности во рамките на вонnаставните активности, како што се едукативни работилници и предавања организирани од различни институции. Во училиштето поголем дел од учениците се изјаснале дека наставниците ги мотивираат за учество на натпревари по различни предмети или во други активности од натпреварувачки карактер. |
| **Силни страни**<br>– За 7 ученика со посебни образовни потреби, инклузивниот тим обезбедува поддршка при изготвување на ИОП и/или модифицирана програма според препораките на МКФ и работи на развивање и зајакнување на нивните функционалности и капацитети во процесот на учење. Дел од учениците со ПОП инклузивниот тим ги вклучува во воннаставни активности според нивните можности и интереси (патронен празник, проектни активности и сл.). Училиштето навремено ги идентификува и ги упатува на МКФ проценка учениците со попреченост и за истите обезбедува образовни асистенти доколку е тоа потребно.<br>– Училиштето ги зајакнува меѓуетничките односи во рамките на училиштето најчесто преку планирање и реализирање воннаставни и вонучилишни активности, како и учество на проекти.<br>– Учениците можат слободно да се изразат за време на час, а наставниците ги пофалуваат за постигнатиот труд и резултати.<br>– Наставниците користат различни техники и методи на оценување и редовно ги информираат учениците и родителите за постигнувањата по даден предмет.<br>– Со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности, како што се едукативни работилници и предавања организирани од различни институции (МВР, Црвен крст, Национален парк „Галичица“, Општина Охрид и сл.). Во овие активности вклучени се најголем дел од учениците. |
| **Слаби страни**<br>– При планирање на наставата поголем дел од наставниците недоволно соработуваат во рамките на стручните активи во училиштето, а тоа повлекува мал број на подобрувања на планирањата како резултат на меѓусебна соработка.<br>– На мал дел од часовите расположливите ресури се користат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како истражување, проблемски задачи, проекти, учење преку игра, примена на дигитални алатки и сл.<br>– Дел од наставниците не изработуваат планирања за ученици со ПОП или сметаат дека овие ученици можат да постигнат поголем дел од поставените цели за тој предмет.<br>– Иако се доставени планирања за заеднички наставни часови со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, мал дел од наставниците во целост ги реализираат овие интегрирани часови.<br>– Учениците недоволно се поттикнати на критичко размислување, поставување прашања и самостојно извлекување заклучоци во процесот на учење.<br>– Наставниците немаат дефинирани критериуми за оценување од страна на стручните активи, според националните стандарди наведени во новата концепција на основното образование. |

– Мал дел од наставниците ја образложуваат оценката, даваат насоки за нивно подобрување и нередовно реализираат додатна и дополнителна настава согласно потребите на учениците.

– Учениците не учествуваат во планирање на вонпаставните активностите, не се секогаш запознаени со предвидените активности и мал дел од учениците се вклучени во вонпаставни активности според своите интереси.

**Приоритети**

– Наставниците преку обуки да се оспособат расположливите ресури за час да ги користат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како истражување, проблемски задачи, проекти, учење преку игра, примена на дигитални алатки и сл.

– Сите наставници кои работат со ученици со ПОП, навремено да изготвуваат ИОП и/или модифицирана програма според МКФ проценката и препораките дадени од стручната служба во училиштето.

– Наставниците да реализираат заеднички наставни часови (најмалку еден час во полугодие) со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, со цел поголема мултиетничка интеграција во рамките на училиштето.

– На ниво на стручни активи во училиштето да се изградат критериуми за оценување, согласно националните стандарди зададени во Новата концепција на основното образование.

– Наставниците редовно да дискутираат со учениците за постигнувањата и можните начини на нивно подобрување, па согласно потребите да реализираат додатна и дополнителна настава.

– Учениците да учествуваат во планирање на вонпаставните активности, навремено запознавање на учениците со предвидените активности и нивно вклучување во истите преку сопствен избор, низ транспарентна процедура.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Подрачјето „ Постигања на учениците “ ги содржи следните индикатори за квалитет:
2.1 Постигања на учениците
2.2 Мерки за подобрување на постигањата

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети и за сите квалификациски периоди. Учеството и постигањата на вонпаставните активности континуирано се следи и евидентира. Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури. Сите ученици добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две

интегрални евалуации е помал од два по ученик. Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето. Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето

**Силни страни**

- Родителите и учениците континуирано се известени за постигнатиот успех и според анкетите за родители/ученици добиваат добри совети за подобрување на успехот на ученикот.
- Училиштето организира специфични вонннаставни активности за зголемување на свеста за меѓуетничка толеранција, културното наследство, STEM активности и примена на наученото во секојдневието.
- За учениците со посебни образовни потреби се реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.
- Се реализираат советувања на родителите/старателите и учениците, се води уредна документација и анализа и се известуваат надлежните институции.
- Учениците и родителите се задоволни од реализацијата на дополнителната настава на која учениците имаат можност да ги дополнат своите знаења во непосреден и индивидуаилизиран контакт со наставникот

**Слаби страни**

- Системско усовршување на наставничкиот потенцијал за работа со ученици со тешкотии во учењето,
- Не постои систем за идентификација и работа со надарени и талентирани ученици

**Приоритети**

- обезбедување на сензорна соба за ученици со ПОП
- Воспоставување систем за идентификација на надарени и талентирани ученици

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Подрачјето „ Училишна клима и односи во училиштето “ ги содржи следните индикатори за квалитет:

3.1 Училишна клима
3.2 Еднаквост и правичност
3.3 Партнерски однос со заедницата
3.4 Севкупна грижа за учениците

ООУ „Братство Единство"- Охрид се стреми кон обезбедување на позитивна училишна клима, со акцент на поддршка, безбедност и развој на хумани вредности. Сепак, постојат области за подобрување, особено во однос на хигиенските услови и потврда на ефективноста на превентивните мерки. Принципите на инклузија и активна соработка со семејствата продолжуваат да играат клучна улога во создавањето на здрава и поддршка околина за сите ученици.

Училиштето демонстрира проактивен пристап во идентификување и поддршка на учениците со емоционални потешкотии и посебни образовни потреби. Ова е значајно за создавање инклузивна средина и обезбедување на благосостојба на сите ученици.

Постои значајна вклученост на родителите во образовните активности и процесите на донесување одлуки во училиштето. Тоа укажува на добрата комуникација помеѓу училиштето и семејствата, што е важно за поддршка на учениците.

Училиштето успешно организира редовни здравствени прегледи и вакцинации, што покажува ангажман за здравјето на учениците. Ова е важно за превенција од болести и подобрување на општата здравствена состојба на учениците.

И покрај активностите за одржување на чистота и безбедност, постои потреба за подобрување на хигиенските услови, како што покажуваат резултатите од анкетите. Ова е критично за задоволство и благосостојба на учениците и родителите.

Недостатокот на документи за безбедносни инсталации, како што е громобранската инсталација, укажува на потреба за дополнителни напори во областа на безбедноста на училиштето. Ова е особено важно за создавање на сигурна училишна средина.

Потребно е дополнително усовршување на наставниците за подобро разбирање на потребите на учениците. Ова може да води до подобра комуникација со родителите и зголемување на задоволството од образовниот процес.

Има простор за зголемена соработка со локалните институции и невладините организации за поддршка на учениците, што може да придонесе за поголема инклузија и ресурси за помош на ранливите категории.

Образовната институција покажува значителен напредок во повеќето индикатори, но постојат области кои бараат подобрување. Клучни приоритети вклучуваат зголемување на ангажманот на учениците во активности, подобрување на свесноста за насилство и дополнителна обука за наставниците, особено во контекст на инклузивно образование и емоционална поддршка.

**Силни страни**

- Активно учество во разни проекти и настани, промоција на училиштето и развој на општествена одговорност кај учениците.
- Запознаеност на наставниците со обврските и активностите за превенција.
- Учење за важноста на здравата исхрана.
- Спроведени систематски прегледи и хигиенски мерки.
- Организирани презентации од средни училишта.

Овие јаки страни на училиштето укажуваат на неговата посветеност кон подобрување на условите за учење и развој на учениците, со посебен акцент на инклузивност и безбедност.

**Слаби страни**

- **Недостаток на документација за безбедност:** Училиштето нема документи за извршени мерења на громобранската инсталација во централната зграда, што може да претставува потенцијален ризик за безбедноста на учениците и вработените.
- **Потреба за повеќе обука на наставниците:** Иако постои обучен кадар за прва помош и заштита, наставниците можеби не се доволно обучени за решавање на специфични емоционални и социјални проблеми на учениците, што може да влијае на квалитетот на поддршката.
- **Потреба за проширување на партнерствата и нови проекти за зголемена соработка.**
- **Поделени ставови за хигиената.**
- **Потреба за подобрување на комуникацијата со родителите:** Иако постои добра вклученост на родителите, потребно е дополнително унапредување на комуникацијата со цел подобро разбирање на нивните потреби и проблеми.
- **Неопходност за подобрување на меѓусебната интеракција:** Слабата соработка помеѓу различните институции и организации во заедницата може да ограничи ресурси и поддршка за учениците, особено за оние од ранливите категории.

Овие слаби страни укажуваат на клучни области во кои училиштето треба да се фокусира за да ја подобри својата работа и да обезбеди квалитетно образовно искуство за сите ученици.

**Приоритети**

**Подобрување на поддршката за ученици со посебни потреби:** Продолжување на изработка на индивидуални образовни планови и модифицирани програми, со цел зголемување на инклузивноста и подобрување на образовните исходи за учениците со посебни потреби.

**Засилување на соработката со родителите:** Училиштето треба да продолжи да воведува механизми за активна вклученост на родителите во процесот на образованието, со цел зголемување на нивната доверба и учество.

**Превенција на насилство и злоупотреба:** Продолжување на активностите за превенција на насилство, вклучувајќи редовни работилници и едукација за учениците, како и зајакнување на заштитните механизми за жртвите на насилство.

**Одржување на Чисти и Безбедни Училишни Простории:** Обезбедување на редовни активности за чистење и дезинфекција, како и инвестиции во подобрување на инфраструктурата, за да се создаде потполно безбедна средина за учење.

**Зголемување на Безбедноста во Училиштето:** Инвестирање во подобрување на безбедносните мерки, вклучувајќи инсталирање на нови безбедносни системи и едукација на учениците за реагирање во итни ситуации.

**Промоција на Здрави Начини на Живот:** Промоција на здрави навики, како што се отстранување на пушењето и алкохолот, како и организирање на работилници за подигање на свеста за штетноста на зависностите.

| |
|---|
| **Овие приоритети ќе помогнат да се создаде позитивна, инклузивна и безбедна средина за учење, што ќе ги поддржи учениците во нивниот личен и образовен развој.** |

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**

Подрачјето „ Управување и раководење “ ги содржи следните индикатори за квалитет:

4.1 Управување и раководење со училиштето

4.2Цели и креирање на училишната политика

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Составен е од седум члена и тоа: тројца претставници од Наставничкот совет (1 македонец, 1 Албанец и 1 Турчин), тројца претставници од Советот на родители (1 Македонец, 1 Албанец и 1 Турчин) и еден од Локалната самоуправа од Советот на Општина Охрид. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите.

Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. На спроведената анкета за родители на прашањето дали училишниот одбор транспарентно ги објавува своите одлуки најголем број -80,5% од испитаните родители одговориле дека тоа е точно. Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот на ниво на фискална година и на ниво на учебна година.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Сосред спроведената анкета на наставниот кадар на прашањето дали во училиштето се практикува соработка меѓу раководниот тим, наставниот кадар, родителите и учениците при донесување одлуки, најголем број – 94,3% одговориле дека се согласуваат со тоа тврдење.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.

Поголем дел – 54,3% од анкетираните наставници се согласуваат со тврдењето дека училиштето им обезбедува потрошен материјал за реализација на наставата и вонаставните активности.

Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги.

Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Централна зграда нема библиотекар поради затворање на тоа работно место. Издавањето на книги од библиотеката во Централна зграда, како и водење евиденција ја вршат одделенските наставници - секој за учениците од своето одделение, а за предметна настава предметните наставници по мајчин јазик. Од анкетата на учениците на тврдењето „Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека'' поголем број - 66,4% се согласуваат, односно целосно се согласуваат со ова тврдење. Со тврдењето „Библиотеката / медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера'' поголем број -65,9% од анкетираните ученици се согласуваат.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници со мали исклуоци. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е добро.

Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат минимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Согласно потребите на кадарот училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Сите следат онлајн обуки организирани од БРО според новата концепција. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.

Училиштето како установа од јавен интерес за воспитание и образование е единствено мултиетничко училиште каде наставата се одвива на три наставни јазици: македонски, албански и турски наставен јазик и е вистински пример за меѓуетничка толеранција со јасно поставени цели. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

Целите во развојното планирање се прецизни, остварливи и ја отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. При нивното реализирање се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница.

Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување

на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Силни страни**

- Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро.
- Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.
- Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.
- Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.

**Слаби страни**

- На училиштето му е потребен библиотекар во Централната зграда.
- Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.

**Приоритети**

- Вклучување на училиштето во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели.
- Опремување на училници и кабинети со современи компјутерски и дигитални помагала.
- Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

Приоритетите произлегуваат од слабите страни и потребите на училиштето и се идентификуваат во рамките на секое подрачје од работата на училиштето. При нивното одредување секогаш се тргнува од потребите на училиштето, но се имаат предвид и потребите на локалната средина, како и националните приоритети. Во согласност со приоритетите кои се составен дел на самоевалуацијата на училиштето за периодот од 2022 до 2024 година се издвојуваат и предлог мерки кои треба да се преземат со цел да се подобри квалитетот на работата на училиштето во тековниот период.

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

– Наставниците преку работа во стручни активи да реализираат работилници за користење на расположливите ресури за час да ги користат на функционален начин, преку користење современи приоди во наставата како истражување, проблемски задачи, проекти, учење преку игра, примена на дигитални алатки и сл.

– Преку обуки реализирани од БРО или интерни обуки да се поттикне работата на наставниците во рамките на стручните активи и заедниците за учење, во насока на дефинирање критериуми за оценување за различни предмети, согласно националните стандарди зададени во Новата концепција на основното образование.

– Преку транспарентна процедура (ученичка заедница, анкетни прашалници, дебати..) учениците да учествуваат во планирање на воннаставните активности и навремено запознавање со предвидените активности и нивно вклучување преку сопствен избор.

**Подрачје 2: Постигање на учениците**

– Истражување на можности за финансирање и опремување на сензорна соба преку донатори или локални заедници

– Училиштето да развие систем и интерни акти за идентификување на надарени ученици, да се усовршат инструментите за идентификација во согласност со дадени критериуми од страна на соодветни стручни лица и соодветна институција (БРО, МОН), како и остварување на соработка со соодветни стручни лица и сооодветни институции, остварување на консултативни средби и разговори со цел да се изнајде еден верифициран инструмент за правилна иденттификација на надарените и талентираните ученици.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

– Училиштето треба да продолжи да воведува механизми преку Советот на родители (редовни состаноци, настани) за активна вклученост на родителите во работата на училиштето, со цел зголемување на нивното учество, доверба и поддршка.

– Продолжување на активностите за превенција на насилство, вклучувајќи редовни работилници и едукација за учениците, како и зајакнување на заштитните механизми за жртвите на насилство.

– Инвестирање во подобрување на безбедносните мерки, вклучувајќи инсталирање на нови безбедносни системи и едукација на учениците за реагирање во итни ситуации.

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

– Вклучување на училиштето во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели.

– Опремување на училници и кабинети со современи компјутерски и дигитални помагала.

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

1. Наташа Илоска – стручен соработник дефектолог
2. Резарта Лога – стручен соработник педагог
3. Лизана Зиба – наставник по информатика
4. Марија Пупиноска Гогова – наставник ментор
5. Фахрије Реџеп – одделенски наставник на турски наставен јазик
6. Доминика Чауле – помошник директор и наставник по ФЗО
7. Емилија Паункоска – наставник по англиски јазик
8. Ивана Трајкоска – родител
9. Арта Зиба – родител
10. Ајфер Муфти - родител

Дел.бр. 01-594/1 Директор: Џемал Мехмед

Од 28.11.2024

Охрид ------------------------------------